**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ**

**БЕСЈАНА РЕЦЕПИ**

# МЕНАЏИРАЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО И НЕГОВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО НАСТАВАТА ПО МАЈЧИН ЈАЗИК

**ДОКТОРСКИ ТРУД**

**Скопје, 2024**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ**

**Студиска програма: Образование на наставници**

**(за примарното образование)**

**БЕСЈАНА РЕЏЕПИ**

# МЕНАЏИРАЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО И НЕГОВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО НАСТАВАТА ПО МАЈЧИН ЈАЗИК

**ДОКТОРСКИ ТРУД**

**Скопје, 2024**

Докторантка:

**БЕСЈАНА РЕЏЕПИ**

Тема:

**МЕНАЏИРАЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО И НЕГОВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО НАСТАВАТА ПО МАЈЧИН ЈАЗИК**

Ментор:

**проф. д-р Љуљзим Адеми**

Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје

Комисија за одбрана:

**проф. д-р Лулзим Алиу,** претседател

Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје

**проф. д-р Љуљзим Адеми**, ментор

Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје

**проф. д-р Исмет Османи**, член

Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

**проф. д-р Флорина Шеху**, член

Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје

**проф. д-р Емил Сулејмани**, член

Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје

Научна област: Образование на наставници (за примарното образование) во подрачјето на хуманистичките науки и уметности

Модул А – Јазично и литературно образование на наставници (за примарното образование)

**Изјава**

Со полна и материјална одговорност изјавувам дека овој докторски труд е изработен од мене, никогаш не е претставен пред друга институција за оценување и не е објавен. Докторскиот труд не содржи пишани материјали од други личности, освен цитираните и реферираните случаи.

**Бесјана Реџепи**

## БЛАГОДАРНОСТ

Благодарение на грижата на моите родители, таткото Имер и мајката Шахадија, ги добив образованието и културата на однесување, а благодарение на мојот починат наставник, Сабит Емерлаху, ги научив првите букви од азбуката во прво одделение со голема заемна посветеност кон промовирањето да се биде примерен ученик од ова одделение до ова ниво на највисоко академско образование.

Оваа посветеност и долгогодишна грижа, драги родители, почитуван учителу, почитувана наставничке по англиски јазик, г-ѓа Дрита Пира, мојот прв ментор на додипломски студии, проф. д-р Зеќир Шаќири, ментор на магистерски студии, проф. д-р Бунијамин Мемеди и мојот ментор за докторски студии, проф. д-р Љуљзим Адеми, денес се обидуваме да ги крунисаме со титулата „доктор на образование на наставници (за примарното образование)", како резултат на сите напори да ги исполнам моите долгогодишни амбиции во мојата стручно-научна кариера. Од сето ова, вашиот напор и стимулација да се биде „самоук" ученик и студент со длабока благодарност кон вас, ја исполнувам големата мисија на вашите совети, еднаш дадени кога бев ваш ученик и студент, дека „можам да достигнам високо и дека Косово има потреба од мене".

Со длабока благодарност до колегите и до професионалните образовни соработници за поддршката во текот на спроведеното истражување, и од Северна Македонија и од Косово, ја презентирам оваа современа студија што им е потребна на двете земји за едно квалитетно менаџирање на наставата и на процесот на учење во двете земји.

Благодарност засекогаш!

Бесјана Реџепи

# АПСТРАКТ

Прашањето за менаџирањето на училницата било, е и ќе биде една од клучните теми на секое светско општество што има за цел квалитетно образование на помладите генерации од кои се создава иднината на земјата во сите социоекономски аспекти. Со оглед на фактот дека какво е образованието, таков е и развојот на таа држава, паралелно со ова констатираме дека какво е менаџирањето на одделението такви се и успесите на тоа училиште, со посебен акцент на учениците од тоа одделение.

Во современата настава, нејзиното главно влијание е менаџирањето на одделението и неговото насочување кон еден современ наставник со атрибути што го прават да се разликува од минатото, секогаш менувајќи ја позицијата на неговите ученици, во форма на соработка за секој тип правила или класна задача што може да ја определи заедно со своите ученици. Да се биде наставник од оваа ера се смета дека е предизвик бидејќи категоријата наставници е опкружена со технолошки иновации од кои нужно се бара да бидат дидактички алатки во училницата и на часовите по речиси секој училиштен предмет.

Во балканската настава со Болоњскиот образовен систем, постојат многу критериуми и правила што се потребни за успешно вршење на должноста наречена учител, наставник и професор. Наспроти ова, земјите како Косово и Северна Македонија со примената на овој систем и со бројните образовни, наставни, програмски реформи направени од 2003 година продолжуваат да прават оваа категорија наставници да се чувствуваат предизвикани од овие образовни промени, особено во областа на менаџирањето со одделението, претежно за постарата генерација наставници, обврзувајќи ги да користат технолошка опрема за време на наставниот час. Нивниот револт останува незадоволителната соработка со родителите и нивното вмешување во процесот на оценување на учениците, и периодично и годишно, што се смета за крајно предизвикувачки.

Во согласност со ова, целта на ова истражување е да им се укаже како на категоријата наставници, родители, ученици, така и на локалните и на централните образовни институции дека за да се има успех во образовниот процес од основното ниво, односно во едно одделение првично, потоа во две или повеќе, преминувајќи во училиштата во целина, главната улога ја има менаџирањето на одделението и овој процес повеќе од обучен наставник ќе знае како да го води без оглед на возраста на учениците и земјата каде што може да работи тој. Но, исто така, за да покажат дека предизвиците може да ги победат само со својата подготвеност, интересот за секоја нова технолошка иновација може да се појави и со стимулирање на учениците во многу форми за да се дојде до создавање навики кај нив, како во однос на менаџирањето на одделението, така и во поттикнувањето на учењето кај нив.

Како и училиштата, тој се усовршува паралелно со него и со неговите компоненти што ја играат улогата на воспитувачи со цел да се постигне визија за успех во учењето за сите училишта од предучилишното ниво до највисокото, се разбира.

Бидејќи процесот на социоекономската транзиција влијае и врз образованието, процес кој во повеќето случаи е експериментален како со наставниците така и со учениците, секако дека постои објективен отпор од многу наставници за тоа како да се работи со овие училишни организациски структури, кои се сметаат за излишни експерименти и кои им даваат непотребна слобода на учениците, доведувајќи го губењето на авторитетот на наставникот до едно високо ниво, без можност за повеќеслојна интервенција во корист на наставниците. Во мисијата на оваа наша цел е да се одрази дека постојат различни стратегии, техники и методи за да се избегнат вакви ситуации што може да им бидат претставени на наставниците на бројни училишни настани и во нивните одделенија.

Бидејќи во истражувањето имаме два града, Урошевац и Гњилане, поточно училиштата во Урошевац и во Гњилане, несомнено ќе ставиме посебен акцент на нивните локални образовни политики што ги имаат во рамките на училиштата и нивните педагошки ресурси што ги користат како за менаџирањето на одделението, така и за нивните наставни часови по Мајчин јазик. Покрај надворешната структура на овие училишта, целта на ова истражување е да се спореди внатрешната структура на овие училишта, односно организациските структури на нивните одделенија.

Во суштина, главна цел беше да се споредат гореспоменатите компоненти и да се потврди дали овие училишта се оддалечиле од традиционалното менаџирање на наставата и да се споредат резултатите во секое од нив, во секоја стратегија, техника или наставен метод што секое од избраните училишта може да ги користи како дел од нашето истражување.

**Клучни зборови:** *соработка, менаџирање, организација, планирање, предизвик, структура, стратегија.*

# ABSTRACT

The issue of class management has been, it is and will be, one of the key topics of every global society aimed for a qualitative education of young generations from which the future of the country is created in all socio-economic aspects. Basing to the fact that how is the education in one country, as well is the development of that country, in parallel with this we can say that how is the class management as well are the successes of that school, with particular emphasis for students of that classroom.

In contemporary teaching, its main impact is class leadership and its guidance by a contemporary teacher with attributes that make it distinct from the past, always changing the position of its students as a form of cooperation for each kind of rule, class task that can assign together with his students. Being a teacher of this era is considered to be challenged as the category of these teachers are surrounded by technological innovations, which are necessarily required to be the didactic tools of the classroom and the teaching process too, in each school subject.

In the Balkan Countries for the Education System of Bologna there are many criteria and rules that are required to exercise the calling workers: educator, teacher and professor. Against this countries such are Kosovo and Macedonia under the application of this system and the numerous curricular educational reforms made since 2003, are continuing to make this category of teachers feel challenged by these educational changes, especially in the field of class management, mostly for the deafening of teachers, obliging the use of technological equipment in classroom lectures.

Their revolt remains that the cooperation with parents is not pleasing and their intervention in the student evaluation process too, both periodically and annually, considered highly challenging. Accordingly, the purpose of this research is to highlight it to the category of teachers, parents, students and local and central educational institutions, to succeed in the educational process from the basic level of the location of a group of the pupils, respectively from a class first, then by two or more, passing to the schools as a whole that the main role is the class management and this process requires teachers to be prepared to teach regardless of the age of the students and the place where he/she can work. But to show that the challenges can only be depended from their

preparation, the interest in any new technological innovation that may come from and the stimulation of his students in many forms, to come up with the creation of their habits as in the issue of class leadership, as well as the promotion of learning. As the schools, are developing parallel with its components, which play the role of educators in order to reach a vision of teaching success for all schools from the pre-primary level to the highest one of course.

Since the process of socio-economic transition affects education as well, a process which in most cases is experimenting with both categories as teachers and students, there is certainly the objective resistance of many teachers on how to work with these organizational school structures, considered as excessive experimentation and giving unnecessary freedom to the students, leading to the loss of teacher authority to a high level, without the possibility of multilateral interventions for teachers. The mission of our goal is to reflect on different strategies, techniques and methods to avoid such situations that can be presented to teachers at multiple school events and their classes.

But since there are two countries of Kosovo, namely two cities Ferizaj and Gjilan, we will certainly make special education comperasion within their school local education politics and their pedagogical resources that they use, their class management, same as and for their classroom lectures. In addition to the external structure of these schools the objective of this research is to compare the internal structure of these schools, respectively the organizational structure of their classes.

In essence, the key goal was to compare the above-mentioned components and to verify whether the traditional management of these schools was removed and to compare the results of each of them in any strategy, technique or teaching method that each of these selection schools use as part of our research for the dissertation topic.

**Key words**: *collaboration, management, organization, planning, challenge, structure, strategy.*

На мојот татко

и

на мојата мајка

# СОДРЖИНА


ПРВО ПОГЛАВЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| | Вовед ........................................................................................... | 19 |
| 1. | ТЕОРЕТСКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................................................ | 22 |
| 1.1. | Филозофија на менаџирањето со одделението ............................................. | 25 |
| 1.2. | Главни концепти за менаџирање на одделението ...................................... | 28 |
| 1.3. | Стратегии за менаџирање на одделението ................................................ | 30 |
| 1.4. | Стилови на менаџирање со одделението .................................................... | 32 |
| 1.5. | Принципи во менаџирањето на одделението ................................................. | 33 |

ВТОРО ПОГЛАВЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| 2. | ОСВРТ НА ЛИТЕРАТУРАТА .......................................................................... | 37 |
| 2.1. | Наставникот во современата настава .............................................................. | 41 |
| 2.2. | Атрибути на современиот наставник ............................................................. | 42 |
| 2.3. | Средината во одделението и неговата атмосфера ........................................... | 44 |
| 2.4. | Современата клима и нејзиното менаџирање .................................................. | 46 |
| 2.5. | Медиумското образование како предизвик во менаџирањето на одделението ........................................................................................... | 48 |
| 2.6. | Колективитетот на одделението како услов за негово добро менаџирање ..................................................................................................................... | 50 |
| 2.7. | Предизвиците во косовското образование ..................................................... | 52 |
| 2.8. | Тешкотии и предности во работата со новата наставна програма во косовското образование ............................................................................ | 54 |
| 2.9. | Употреба на техники, форми и други средства и нивното влијание во менаџирањето на одделението ......................................................................... | 57 |
| 2.9.1. | Современи наставни методи ............................................................................. | 59 |
| 2.9.2. | Современи техники ........................................................................................... | 59 |
| 2.9.3. | Карактеристики на кооперативните одделенија .............................................. | 60 |
| 2.9.4. | Форми на наставната работа ............................................................................ | 61 |
| 2.9.5. | Важноста од користење различни наставни техники, методи и форми во правилното менаџирање со одделението ......................................................... | 61 |

ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| 3. | МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................................... | 63 |
| 3.1. | Образложение на темата на истражувањето ..................................................... | 63 |
| 3.2. | Проблем на истражувањето ............................................................................... | 63 |

3.3. Предмет на истражувањето ........................................................................ 65
3.4. Цел на истражувањето ............................................................................... 65
3.5. Задачи на истражувањето .......................................................................... 67
3.6. Хипотези на истражувањето ....................................................................... 68
3.7. Варијабли на истражувањето ...................................................................... 69
3.8. Примерок на истражувањето ....................................................................... 71
3.9. Методи на истражувањето .......................................................................... 73
3.10. Техники и инструменти на истражувањето .................................................. 74
3.11. Истражувачка процедура ........................................................................... 75
3.12. Анализа на податоците ............................................................................. 76
3.13. Етичко размислување ............................................................................... 76
ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ
4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................................................. 78
4.1. Презентација на демографските наоди од истражувањето во Гњилане .......... 78
4.2. Презентација на демографските наоди од истражувањето во Урошевац ......... 80
4.3. Презентација на демографските наоди за родителите .................................... 83
4.4. Демографски податоци за учениците ............................................................ 85
4.5. Демографски податоци за наставниците ........................................................ 86
ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ
5. ДИСКУСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ....................................................................... 116
ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ
6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ........................................................................... 131
6.1. Заклучоци........................................................................................... 131
6.2. Препораки ................................................................................................ 133
6.3. Литература ............................................................................................... 134
ПРИЛОЗИ ...................................................................................................... 140

БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТКАТА ...................................................................... 151

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

**ООО –** Општинско одделение за образование

**МОНТ –**Министерство за образование, наука и технологија

**КК** – Косовски курикулум

**УРП –** Училиштен развоен план

**ЈИТТ** – (just in time teaching and learning) – Навремено учење

**КМО** – Критичко мислење за описменување

**НМ** – Наставник ментор

**ПИК** – Педагошки институт на Косово

**РНКК** – Рамка на новиот курикулум на Косово

**КЦО** – Косовски центар за образование

**ДПП** – Деца со посебни потреби

**САД** - Соединети Американски Држави

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ


Табела 1. Разлики меѓу традиционалната и современата настава ........................................... 27
Табела 2. Стилови на менаџирање на одделението ................................................................ 32
Табела 3. Критериуми за менаџирање на одделението ........................................................ 36
Табела 4. Структура на образованието во Косово ................................................................... 55
Табела 5. Училишта во Општина Гњилане ................................................................................ 72
Табела 6. Училишта во Општина Урошевац .............................................................................. 72
Табела 7. Кромбахова алфа за доверливост на мерните инструменти .................................. 91
Табела 8. Тест на нормалност кај наставниците и кај родителите ......................................... 91
Табела 9. Корелација меѓу перцепциите на наставниците и на родителите за менаџирањето со одделението и за предизвиците во наставата по Мајчин јазик ........................................... 93
Табела 10. Описни податоци поврзани со тешкотиите во работата на наставниците со менаџирањето на одделението на часовите по Мајчин јазик/албански јазик ...................... 94
Табела 11. Анализа ANOVA во врска со разликите во тешкотиите во работата на наставниците со менаџирањето на одделението на часовите по Мајчин јазик/албански јазик ............................. 94
Табела 12. Описни податоци во врска со разликите меѓу техниките и методите што се користат во Гњилане ........................................................................................................ 95
Табела 13. Анализа ANOVA во врска со разликите меѓу техниките и методите што се користат во Гњилане ........................................................................................................ 95
Табела 14. Описни податоци во врска со разликите меѓу техниките и методите што се користат во Урошевац ........................................................................................................ 96
Табела 15. Анализа ANOVA во врска со разликите меѓу техниките и методите што се користат во Урошевац ........................................................................................................ 96
Табела 16. Описни податоци за разликите во училиштата во Општина Гњилане во врска со нивното задоволство од соработката со општинските институции (ПЕ) за да се олесни работата околу менаџирањето на одделението ..................................................................... 97
Табела 17. Анализа ANOVA за разликите во училиштата во Општина Гњилане во врска со нивното задоволство од соработката со општинските институции (ПЕ) за да се олесни работата околу менаџирањето на одделението ..................................................................... 97
Табела 18. Описни податоци за разликите во училиштата во Општина Урошевац во врска со нивното задоволство од соработката со општинските институции (ПЕ) за да се олесни работата околу менаџирањето на одделението ..................................................................... 98
Табела 19. Анализа ANOVA за разликите во училиштата во Општина Урошевац во врска со нивното задоволство од соработката со општинските институции (ПЕ) за да се олесни работата околу менаџирањето на одделението ..................................................................... 98
Табела 20. Описни податоци во врска со тешкотиите што ги имаат учениците во приспособувањето кон современата настава за време на часот по Мајчин јазик во Општина Гњилане ........................................................................................................................ 99
Табела 21. Анализа АНОВА во врска со тешкотиите што ги имаат учениците во приспособувањето кон современата настава за време на часот по Мајчин јазик во Општина Гњилане ................................................................................ 100
Табела 22. Описни податоци во врска со тешкотиите што ги имаат учениците во приспособувањето кон современата настава за време на часот по Мајчин јазик во Општина Урошевац ........................................................................................................................ 100
Табела 23. Анализа АНОВА во врска со тешкотиите што ги имаат учениците во приспособувањето кон современата настава за време на часот по Мајчин јазик во Општина Урошевац ........................................................................................................................ 101
Табела 24. Описни податоци во врска со разликите според работното искуство поврзано со одржувањето обуки/семинари за методологијата на работа во современата настава по предметот Мајчин јазик ........................................................................................................ 102
Табела 25. Анализа АНОВА во врска со разликите според работното искуство поврзано со одржувањето обуки/семинари за методологијата на работа во современата настава по предметот Мајчин јазик ........................................................................................................ 102

Табела 26. Коефициенти за мислењата на наставниците за тоа какво влијание може да има современата настава врз работата со учениците во наставата по предметот Мајчин јазик ........................................................................................................................................ 104
Табела 27. Описни податоци за предизвиците на часот по Мајчин јазик што ги има во делот на работата со правописот со учениците од Општина Гњилане ........................................... 105
Табела 28. Анализа АНОВА за предизвиците на часот по Мајчин јазик што ги има во делот на работата со правописот со учениците од Општина Гњилане ......................................... 105
Табела 29. Описни податоци за предизвиците на часот по Мајчин јазик што ги има во делот на работата со правописот со учениците од Општина Урошевац ........................................... 106
Табела 30. Анализа АНОВА за предизвиците на часот по Мајчин јазик што ги има во делот на работата со правописот со учениците од Општина Урошевац ........................................... 106
Табела 31. Описни податоци за мислењата на родителите во врска со менаџирањето на одделенијата каде што учат нивните деца во Општина Гњилане ........................................... 107
Табела 32. Анализа АНОВА за мислењата на родителите во врска со менаџирањето на одделенијата каде што учат нивните деца во Општина Гњилане ............................................ 107
Табела 33. Описни податоци за мислењата на родителите во врска со менаџирањето на одделенијата каде што учат нивните деца во Општина Урошевац .......................................... 108
Табела 34. Анализа АНОВА за мислењата на родителите во врска со менаџирањето на одделенијата каде што учат нивните деца во Општина Урошевац .......................................... 108
Табела 35. Описни податоци за половите разлики кај родителите во врска со информираноста за иновациите во наставните области што се појавуваат во училиштето ... 109
Табела 36. Анализа на t-тест за половите разлики кај родителите во врска со информираноста за иновациите во наставните области што се појавуваат на училиштето ... 109
Табела 37. Описни податоци за разликите во соработката на родителите со наставникот, со педагогот, со социологот и со психологот ................................................................................... 110
Табела 38. Анализа АНОВА за разликите во соработката на родителите со наставникот, со педагогот, со социологот и со психологот ................................................................................... 110
Табела 39. Описни податоци за разликите според степенот на образование на родителите во однос на советувањето на децата за воспитно-образовната работа на училиштето ............ 111
Табела 40. Анализа АНОВА за разликите според степенот на образование на родителите во однос на советувањето на децата за воспитно-образовната работа на училиштето ............ 111
Табела 41. Описни податоци за различните тенденции во областите на наставата по Мајчин јазик (познавање на јазикот, читање, писмено изразување) ................................................ 112
Табела 42. Анализа АНОВА за различните тенденции во областите на наставата по Мајчин јазик (познавање на јазикот, читање, писмено изразување) ................................................ 112
Табела 43. Описни податоци во врска со разликите според одделението во кое се учениците во однос на областите на мајчиниот јазик каде што се подобри .......................... 113
Табела 44. Анализа АНОВА во врска со разликите според одделението во кое се учениците во однос на областите на Мајчиниот јазик каде што се подобри ........................... 113

## ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ


Графикон 1. Податоци според полот на наставниците во училиштата од Општина Гњилане 78
Графикон 2. Процент според полот на анкетираните наставници ........................................ 79
Графикон 3. Број на ученици во истражуваните училишта во Гњилане ............................. 79
Графикон 4. Процентот на ученици во истражуваните училишта во Гњилане ....................... 80
Графикон 5. Податоци според полот на наставниците во училиштата во Општина Урошевац ......................................................................................................................... 80
Графикон 6. Процент според полот на анкетираните наставници ........................................ 81
Графикон 7. Број на ученици во истражуваните училишта во Урошевац ............................ 81
Графикон 8. Процентот на ученици во истражуваните училишта во Урошевац ..................... 82
Графикон 9. Податоци според полот на родителите во училиштата во Општина Гњилане... 83
Графикон 10. Процент според полот на родителите во Општина Гњилане ............................ 83
Графикон 11. Податоци според полот на родителите во училиштата во Општина Урошевац 84
Графикон 12. Процент според полот на родителите во Општина Урошевац ........................... 84
Графикон 13. Процент според полот на учениците во Општина Гњилане ............................... 85
Графикон 14. Процент според полот на учениците во Општина Урошевац ............................. 86
Графикон 15. Степенот на образование на наставниците од 1-5 одделение во Урошевац....... 86
Графикон 16. Процентот на образование на наставниците од 1-5 одделение во Урошевац..... 87
Графикон 17. Степенот на образование на наставниците од 1-5 одделение во Гњилане......... 87
Графикон 18. Процентот на образование на наставниците од 1-5 одделение во Гњилане....... 88
Графикон 19. Работното искуство на наставниците во Општина Гњилане според вредностите: 0-5 години работно искуство, 6-15 години работно искуство, 16-25 години работно искуство и над 25 години работно искуство ............................................................... 89
Графикон 20. Работното искуство на наставниците во Општина Урошевац според вредностите: 0-5 години работно искуство, 6-15 години работно искуство, 16-25 години работно искуство и над 25 години работно искуство .............................................................. 89
Графикон 21. Одделенијата со кои работат анкетираните наставници во Гњилане .............. 90
Графикон 22. Одделенијата со кои работат анкетираните наставници во Урошевац ............. 90
Графикон 23. Графички приказ на тестот на нормалност кај наставниците ......................... 92
Графикон 24. Графички приказ на тестот на нормалност кај родителите ............................. 92
Графикон 25. Сте забележале/забележувате некоја придобивка од современата настава во вашето одделение? ......................................................................................................... 104

## ЛИСТА НА ФИГУРИ

Фигура 1. Редење на клупите според традиционалната и според современата настава .......... 28
Фигура 2. Дали забележавте какви било придобивки од современата настава во вашето одделение? Доколку одговорот е да, кои се придобивките? .................................................. 103
Фигура 3. Дали ви се допаѓаат методите и техниките за работа во групи, ако одговорот е да, зошто? .................................................................................................................. 114
Фигура 4. Резултати во врска со прашањето која е вашата порака за училиштето и за наставник? .................................................................................................................. 115

## ПРВО ПОГЛАВЈЕ

## ВОВЕД

Имајќи предвид дека *наставата* е мисија на држење настава од страна на наставниците, се смета за една од најодговорните и најтешките задачи за правилен напредок на образовниот процес, работа што бара соработка и лидерство меѓу трите главни дидактички фактори *„ученик – наставник – родител“ за д*а се постигнат посакуваните резултати по секоја цел на учењето, предвидена во определените наставни часови.

Според тоа, како загриженост на времето во однос на *современата настава*, се проценува дека е процес на *менаџирање на одделението* од секоја категорија наставници чиј резултат е целта да се има подобра работна атмосфера во рамките на часовите. Бидејќи менаџирањето на одделението е клучен критериум за постигнување успех во процесот на настава и учење, несомнено се бараат посветеност и совршенство кај наставниците во нивниот професионален аспект за да може да користат *современи техники и методологии*, со цел да се приспособат во согласност со оваа методологија на образовната работа која бара бројни технолошки иновации. Затоа, за да се има современа наставна клима во 21 век, наставникот мора да биде *„МАЈСТОР“* во рамките на своето одделение. Сето ова јасно ни покажува дека секој напор за постигнување максимални резултати во образовниот процес бара правилно менаџирање на одделението, при што клучни се овие прашања: менаџирање на наставниот час, дисциплината во училницата, однесувањето на учениците, процесот на оценување на учениците за време на наставниот час, менаџирање на климата во училницата, почитување на правилата во училницата и многу други педагошки прашања што ќе бидат разгледани во оваа дисертација, чија цел, исто така, ќе биде научно истражување во целина.

Следствено, во ова истражување се обидовме да се фокусираме на *педагошкиот такт* на наставниците во некои училишта во Гњилане и во Урошевац, имајќи предвид дека постои голема разлика меѓу двата града – Урошевац и Гњилане, се разбира дека споредбите ќе бидат различни, секогаш во евалуација на менаџерскиот аспект на одделението меѓу овие училишта

селектирани за истражување во докторската дисертација. Првично, прегледите ќе започнат со аспектот на образовната работа, наставните програми и прирачниците за работа што наставниците од овие училишта ги користат за да бидат вистински менаџери на своите одделенија. Потоа, формациите на воспитно-образовната работа што ја прават наставниците во овие училишта, колку се разликуваат едни од други, каков тип систем на работа користат двете групи училишта во овие градови, со цел поефикасно управување со нивните наставни часови по предметот Мајчин јазик (албански јазик).

Покрај тоа, за време на ова истражување ние претендираме да ги споредиме предизвиците што им се појавуваат на наставниците од овие градови во менаџирањето на нивните одделенија, истакнувајќи го она со што се соочуваат денес против соодветните дидактичко-инфраструктурни услови и нивниот недостаток во училиштата. Потоа, како споредба меѓу двата града, ќе ги третираме другите аспекти поврзани со професионалниот развој на наставниците како позитивен ефект врз правилното менаџирање на одделението и наставниот час од страна на двете групи наставници, како од Урошевац, така и од Гњилане, со цел да се идентификуваат клучните параметри што обезбедуваат квалитет во рамките на наставните часови, во согласност со критериумите за резултати што се очекува да се постигнат во секоја наставна единица по предметот Мајчин јазик.

Преку анкета на наставниците и на учениците, како и на нивните родители, со цел да дојдеме до задоволителни и точни резултати од нашето истражување, ние претендираме дека со ова истражување ќе го нагласиме *менаџирањето на одделението* поради фактот дека преку правилното менаџирање на одделението и на наставниот час се доаѓа до квалитетна настава и образование во секое училиште, на секоја возраст на учениците, без оглед каде работат, во село или во град. Покрај истражувањето на педагошката документација на двете групи училишта во Урошевац и во Гњилане, имаме за цел да потврдиме како овие наставници ги планираат наставните часови, кои се доминантните правила во нивните одделенија, секогаш споредувајќи ги секој од нив, за да се видат разликите меѓу следените варијабли на нашето истражување по статистички пресметки за секое училиште, одделение и вештини на учениците.

Во суштина, за да дојдеме до горенаведените податоци, исто така, ние ќе се обидеме да ги опишеме традиционалните стимулации за воспитно-образовната работа што сè уште продолжуваат да ги прават некои наставници, и покрај забраните со најновите прописи, како во Гњилане, така и во Урошевац, третирајќи го правилното и вистинското менаџирање на наставната работа како казна со физичко насилство врз нивните ученици.

# 1. ТЕОРЕТСКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

*„Успешниот наставник е доживотен ученик.“*

Фадил Цури

За да се биде успешен наставник, потребни се многу одредби и критериуми за да се дојде до исполнување на таквата ознака. Тоа секогаш го прави наставникот доживотен ученик кој секогаш настојува да ги апсорбира знаењата, вештините, способностите и иновациите на модерното време. Овој феномен несомнено се одразува и во процесот на управување со училницата и со часовите, директно влијаејќи врз процесот на современата настава и учење. Во контекст на ова, прашањето за управување со училницата уште од античко време е едно од клучните прашања од кои зависи напредокот на наставниот процес и успехот на учениците по сите училишни предмети. Во традиционалната настава, наставникот беше „господар“ на часот, додека учениците беа само предмети на тој час, без оглед на идеите, мислите и визијата за нивната иднина (Kraja, Pedagogjia, Mileniumi i Ri, Tiranë, 2006). Во практиката, ученикот беше пасивен партнер во процесот на учење, додека наставникот беше активен.

Сега се поставува прашањето за еден вид современа концепција за учење, решавање на таквите проблеми; како да се управува со училницата од 21 век, како да се дојде до доброволна стимулација на учениците за учење, како да се применат современи методи и технологии, да се создаде најголема можна ефикасност во училницата и на часовите. Овој тип на учење и управување со училницата сигурно нема да се задоволи со определен систем на знаење, туку пошироко како систем што го активира и го користи менталниот потенцијал на учениците и нивните психофизички вештини, развива креативно и критичко размислување како знак на охрабрување за нивните тенденции за натамошно учење и за практична подготовка за животот (Kraja, Pedagogjia, Mileniumi i Ri, Tiranë, 2006). Во согласност со ова, и

Косово и Македонија со своите образовни системи за време на бројните фази на примена на промените во образованието, како во однос на промената на учебниците, така и во однос на нивните наставни програмски реформи, предизвикаа загриженост кај многу наставници дека оваа форма на учење бара многу други странични услови и дека, сепак, оваа категорија се чувствува неподготвена да работи со оваа методолошка форма на работа во училницата. Ако ја опишеме состојбата на државата Македонија според Бирото за образование на оваа земја, 2015 година беше година на примена на стратегијата *Чекор по чекор* која вклучуваше разновидна стратегија за управување со училишта, со училници и со часовите според која наставниците требаше да се раководат во основните училишта.

Овој период вклучуваше и одржување бројни обуки на кои требаше да присуствува категоријата наставници за да се стекнат со методите и техниките на современата настава. Меѓутоа, од оваа ситуација, Македонија не остана без поплаки од наставниците, изразувајќи загриженост кај повеќето од нив како да работат со овие методи и техники, бидејќи според нив немало основни инфраструктурни услови во сите училишта и затоа што оваа работна стратегија го намали нивниот работен авторитет во значителна мерка затоа што огромно мнозинство од нив наидоа на пречки во користењето на дидактичко-технолошката опрема во училниците (Mehmedi, 2017).

Истата загриженост ја чувствуваат и педагозите и директорите на многу училишта во Косово, кои веруваат дека најголемиот предизвик на денешното учење е управувањето со часовите, како и градењето здрави односи меѓу наставниците и учениците и воспоставување соодветна соработка со родителскиот фактор. Искреноста на наставникот во комуникацијата со своите ученици, топлиот тон, внимателниот избор на изрази, јасноста на мислите и нивната систематизација, давањето знаење на скалест начин од познатото кон непознатото го тера ученикот да го следи својот наставник и доброволно да соработува со него, а не како што беше во минатото, ненамерно и често насилно (Kraja, Pedagogjia, Mileniumi i Ri, Tiranë, 2006). Затоа, Косово се карактеризира со образовни реформски напори за градење општество со проширување на знаењето, воспоставување нови институции, но и со

донесување бројни закони и подзаконски акти. Брзиот технолошки и социјален развој влијаеше врз можноста знаењето да биде неограничено. Првиот чекор во реформите во образованието беше развојот на Наставната рамка за да се постават темелите за квалитет и правичност за сите ученици во образованието. Овој документ, одобрен од МОНТ (*Министерство за образование, наука и технологија*), во август 2011 година донесе иновации и промени во образовната политика во Косово.

Паралелно со целта на нашето истражување да провериме во практиката како училиштата во Гњилане и во Урошевац управуваат со училниците, какви форми на управување користат како училишта и што ги разликува едни од други, и во поглед на предизвиците со кои може да се соочат, но исто така, и во однос на предностите и недостатоците што може да ги имаат како училишта во овие локалитети. Затоа, современото управување бара обучени наставници кои се способни да се справат со секој предизвик со кој може да се соочат во училницата, како заокружување на фактот дека денешниот наставник е „мајстор" на својата училница (Prodanoviq, 1976).

Главната карактеристика, која е центар на продуктивната настава, е поврзана со развојот на критичкото размислување и кое се смета за основен столб на современата настава врз кој се предвидува реализацијата на образовната активност. Промените што започнаа во косовското образование бараат компетентноста или главниот товар за откривање информации да им припаѓа на учениците, додека наставникот да биде главниот водич кој ќе ја насочува активноста во училницата, но исто така, и на часовите. Управувањето со училницата и управувањето со однесувањето на учениците се вештини што наставниците ги стекнуваат со текот на времето и овие вештини се усовршуваат по определено искуство. Наставниот процес бара значителни вештини за управување со низа задачи и ситуации што се случуваат во училницата секој ден. Наставникот ги стекнува овие вештини преку практика и желба да учи од искуството на другите наставници. Но, за жал, ова е полесно да се каже отколку да се направи. Табуа како „ова е направено, ова не е направено", „немаме услови и знаење" не треба да постојат затоа што сега треба да се направат напори да се најдат ефективни методи за активно учење и правично

управување со училницата и со часовите, со цел да се дојде до заеднички успех меѓу двата главни фактори на образовниот процес, ученици – наставници, по секој училиштен предмет (ttp://www.portalishkollor.al/kuriozitet/mesimdhenia-eshte-art-dhe-te-tille-e-ben-vetem-mesuesi, 204).

## 1.1. ФИЛОЗОФИЈА НА МЕНАЏИРАЊЕТО СО ОДДЕЛЕНИЕТО

Управувањето со училницата е главна грижа на наставниците откако има наставници во училиштата. Сепак, систематското проучување на ефективното управување со училницата е релативно неодамнешен феномен проучен од бројни автори. Првата голема, систематска студија за управување со училница беше спроведена од Јаков Кунин во 1970 година. Тој анализираше видеокасети од 49 паралелки од прво и од второ одделение и го кодираше однесувањето на учениците и на наставниците. Тој идентификуваше неколку критични димензии на ефективното управување со училницата, меѓу кои ги набројуваме: сведочење, благост и енергија за време на презентациите на часовите, известување на учениците какво однесување се очекува од нив во секој момент и задачи поставени за учениците. Според него, доказите вклучуваат внимателна свест за деструктивно однесување или за потенцијално деструктивно однесување, а непосредното внимание на тоа четиридимензионално однесување е она што постојано ги одделува одличните менаџери на класите од лидерите од средната или под средната класа (Scarlet, 2006).

Историјата на управување со училницата може да открие многу за тоа како воспитувачите размислуваат или треба да размислуваат денес за управувањето со училницата – особено кога ни обезбедува подобро разбирање на предизвиците и на трајните прашања и, што е најважно, кога ни дава мудрост од минатото дека е заборавено или игнорирано. Примери може да се најдат во добрите идеи и пристапи на прогресивните воспитувачи кон крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век, кои ги поврзаа педагогијата, наставната програма и научната дисциплина, како и во добрите идеи и пристапи за ментална хигиена на дваесеттиот

век. Дваесет едукатори дадоа увид како треба да се дисциплинираат додека се чувствителни на психолошките потреби на децата (Sylaj, Edukimi Qytetar me Metodologjinë e Mësimdhënies, 2010).

Училницата се нарекува експериментална лабораторија за деца бидејќи децата поминуваат голем дел од своето образование во училиште, што е од витално значење да се истражуваат улогите на управувањето и дисциплината во училницата како важна динамика во искуството и во успехот на учениците. Контролираната средина во училницата е од суштинско значење за ефективното учење, за добрите односи наставник – ученик и за соработката со колегите (Mujis, 2011).

Очигледен, но често запоставен елемент на ефективното управување со училницата беше почнувањето со рано учење. Започнувањето лекција може да вклучи некои тешкотии во управувањето со училницата што наставниците често ги занемаруваат. Главниот проблем беше што учениците често можеа да доаѓаат од игралиштето и затоа префрлувањето на правилното однесување во училницата предизвикуваше тешкотии за самиот наставник. Друг важен аспект на управувањето со училницата беше правилното обезбедување на правилата во училницата и рангирањето на приоритетите, што речиси никогаш не беше земено предвид во традиционалната настава. Општ аспект беше тоа што студентите немаа доволно простор за да работат тивко. Ако движењето во училницата е посакувано или потребно, учениците треба да бидат способни да го сторат тоа лесно. Меѓу столчињата треба да има доволно простор за наставникот да може да се движи низ училницата без да ги удира или да ги вознемирува учениците (Mujis, 2011).

Како точно треба да ги организираме клупите за учениците зависи од просторот и од ресурсите со кои располага наставникот или училницата, воопшто, што честопати недостасуваше во минатото и не беше важно прашање бидејќи наставникот го имаше авторитетот, додека учениците беа пасивни (ttp://www.britannica-elt.com/mesimi-nga-eksperienca-eshte-me-efektiv-se-mesimi-pas, 2012).

| ТРАДИЦИОНАЛНА НАСТАВА | СОВРЕМЕНА НАСТАВА |
|---|---|
| • Настава ориентирана кон наставникот | • Настава ориентирана кон ученикот |
| • Стимулирање едно сетило | • Стимулирање многу сетила |
| • Прогресија во еден правец | • Прогресија во многу правци |
| • Едно средство за комуникација | • Мултимедија (многу средства за комуникација) |
| • Изолирана работа | • Работа со соработување |
| • Давање информации | • Размена на информации |
| • Пасивно учење | • Активно/истражувачко учење |
| • Реактивна реакција | • Проактивен/планиран одговор |
| • Изолиран и вештачки контекст | • Автентичен/реален контекст |

**Табела бр. 1. Разлики меѓу традиционалната и современата настава**

А) *Традиционално редење* Б) *Современо редење*



**Фигура бр. 1. Редење на клупите според традиционалната и според современата настава**

## 1.2. ГЛАВНИ КОНЦЕПТИ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ НА ОДДЕЛЕНИЕТО

Поимот менаџмент е израз што вклучува многу широко значење во зависност од полето каде што може да се користи или да се пишува. Во овој случај, во педагошка смисла, зборот менаџмент е појаснет од многу автори кои го одразуваат на следниов начин:

Според Скендер Силај, управувањето со училницата е процес на водење и насочување на училницата со цел да се постигнат сите предвидени резултати пред почетокот на часот (Sylaj, Edukimi Qytetar me Metodologjinë e Mësimdhënies, 2010). Управувањето со училиштето и со училницата има за цел да поттикне и да создаде

самоконтрола кај учениците преку процес на промовирање позитивни достигнувања во однесувањето на учениците. Според Адем Тамос, управувањето со училницата е процес на водење и организирање на училницата на ефективен начин; ова го прави учењето на ученикот оптимално (Tamo, 2005). Така, академските достигнувања, ефикасноста на наставникот, однесувањето на наставникот и на ученикот се директно поврзани со училишниот концепт и со управувањето со училницата.

Од страна на Ј. А. Коменски се направени напори да се прикаже важноста од организирање на работата во училиштата, детално планирање на секоја активност во училиштата, да се поставaт првите темели на менаџментот како важна општествена активност за секоја институција. Покрај управувањето, организацијата и планирањето во училиштето, важност им се дава и на комуникацијата, флексибилното однесување и лидерскиот авторитет, како предуслови за успешна работа во институцијата и во училницата, се разбира (Statovci, 2016). Долги години дисциплината се смета за проблем број еден на списокот проблеми со кои се соочуваат нашите училишта. Однесувањето за повеќето проблеми за кои наставниците сметаат дека се вознемирувачки, не се акти на насилство, туку, главно, вообичаени проблеми на неорганизираност и на перверзија, незавршување на работата, неучество, разговори меѓу учениците што не се поврзани со учење и со недостатокот на училиште (Bërdynaj, 2017).

Основна задача на администрацијата за наставниците е да се постигне правило меѓу привлечноста, но и да се обезбеди соработка меѓу учениците во активностите во училницата. Привлекувањето студентска соработка значи многу повеќе отколку ефикасно справување со нарушувањата во однесувањето. Ова значи планирање активности, подготовка на материјали, давање на учениците соодветни барања и задачи за учење и за однесување, предвидување проблеми и нивно запирање пред да започнат, избор и следење на активностите со цел да се одржат редот и нормалните перформанси (Bërdynaj, 2017). Целта на управувањето со училницата е да се создаде и да се одржи продуктивна позиција во средината за учење, да се поддржи и да се поттикне безбедна заедница во училницата, да им се помогне на учениците да одржат фокусирани задачи, да ја намалат расеаноста од

учењето, да го организираат и да го олеснат протокот на активности за учење и да им се помогне на учениците да управуваат со самите себе (http://www.bobbijokenyon.com/crm/AEU_classroom_management.pdf , 2018).

Според Самер Рабади, ефективното управување со училницата бара свест, трпение, добри времиња, граници и инстинкт од наставниците. Нема ништо лесно во водењето голема група лесно исклучени млади луѓе со различни вештини и темпераменти, позначајно патување за учење што го има управувањето со училницата (Rabadi, 2007). Според Тихомир Продановиќ, епохалните технолошки промени го сменија и процесот на учење и учењето на учениците користејќи многу такви технолошки уреди, кои несомнено влијаат врз аспектот на ефективно управување со училницата (Prodanoviq, 1976).

Во случајот со современата настава, подобро е да се дефинира како спроведување учење со активности што се занимаваат со искуствата на учениците, и внатре и надвор од училницата, помагајќи им да признаат дека развиваат специфични вештини за кои сметаат дека се важни. Терминот „современо учење“ се користи за да претставува широк спектар на наставни елементи што имаат за цел да го внесат модерниот свет во училницата (http://faculty.weber.edu/psaunders/ed3780/3780bookpartI.09.06.pdf, 2018). Во многу написи, во кои многу педагози и наставници се осврнаа на образовните проблеми, се нагласува дека овој тип современо учење е крајно предизвикувачки поради фактот што бара многу посветеност од наставниците, не само со управувањето со училницата туку и со одржувањето на интересот на учениците за активниот процес на учење, особено употребата на современи методи и техники за секоја лекција, како и примената на правила во училницата (Dongre, 2014).

## 1.3. СТРАТЕГИИ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ НА ОДДЕЛЕНИЕТО

Со цел да се има најефективно управување и да се избегнат предизвиците на наставниците во образовниот процес, многу локални и странски автори се обидоа да дадат препораки во форма на стратегии за тоа како да се постигне најефективно

управување со училницата, односно менаџмент што ќе влијае врз напредокот на часовите. Многу правила се однесуваат на движењето низ училницата, како што е редовното седење во круг. Други правила што треба да се создадат се однесуваат на работи, како што се: учениците да го стекнат материјалот, што да прават кога ќе пристигнат доцна и како да побараат помош. Добро организирана училница е училница во која учениците знаат како ефикасно да ги користат училницата и нејзините ресурси. Некои од наставните цели се фокусираат на она што се очекува од академското однесување, правилната употреба на материјалите и центрите за учење и соработката со врсниците.

Значи, наставникот треба да има важна улога во создавањето заедница на ученици каде што учениците ќе играат активна улога во обликувањето на нивната околина, ќе ја разберат нивната улога како ученици и ќе научат како ефикасно да работат како индивидуи и со врсниците. Сите активности преземени од наставникот треба да се фокусираат на минимизирање на нарушувањата и на бариерите за учење и промовирање средина во која учениците може да учат за време на часовите (Murati, Ndryshimi i Arsimtarit dhe Ndryshimet në Shkollë, 2005).

Целите на управувањето со училницата може да бидат многу, но наведениве се сметаат за најважни:

- Создавање и одржување позитивен амбиент за учење
- Поддршка на сигурна заедница во одделението (Murati, Ndryshimi i Arsimtarit dhe Ndryshimet në Shkollë, 2005).

Во рангот на стратегиите што се поврзуваат со менаџирањето на одделението, ги набројуваме следниве:

**а) Развивање позитивни односи со учениците**

Ако наставниците навистина ја покажат својата грижа за учениците како индивидуи, покрај нивната академска работа, тоа би им помогнало да ја унапредат соработката со нив. Ова внимание ќе создаде средина во училницата во која учениците ќе се чувствуваат безбедно и ќе чувствуваат дека се третирани праведно. Наставниците ќе станат чувствителни на нивните потреби и грижи и ќе имаат добри комуникациски вештини, како и на атмосферата во училницата за да се чувствуваат порелаксирано и пријатно.

**б) Направете учениците да споделат и да преземат одговорност**

Споделувањето на одговорноста со учениците за носење одлуки во одделението го подигнува ангажирањето на учениците кон одлуките.

**в) Наградување на доброто поведение на учениците**

Кога ученикот не обрнува внимание на вас, може да ги пофалите другите ученици во вашето одделение за нивното соодветно однесување, со цел да поттикнете подобрување на однесувањето и кај нив (Teaching Strategies, 2018). Наградата има големо влијание врз психолошката страна на учениците бидејќи ги прави учениците активни во нивните училници преку поттикнување меѓусебна соработка, феномен што влијае врз поефикасното управување со училницата и ја олеснува работата на наставниците.

**г) Заштеди време за еден добар завршеток**

Научете ги вашите ученици дека времето истекува, а не откако ќе заѕвони ѕвончето. Кажете им го ова за да не видите како учениците трчаат пред вратата од училницата создавајќи метеж во неа (Giacomini, 2015).

## 1.4. СТИЛОВИ НА МЕНАЏИРАЊЕ НА ОДДЕЛЕНИЕТО

Постојат голем број стилови на управување што ги прикажуваат родителите и наставниците. Има голем број психолошки студии за стилот на родителство кои, исто така, се проширија и на стиловите за управување со училницата и на наставниците. Стиловите на управување со училницата на наставниците лесно може да се идентификуваат врз основа на степенот на контрола и нивото на вклученост на учениците. Природата на секој стил на управување може да се идентификува од табелата подолу.

| | **Високо опфаќање** | **Ниско опфаќање** |
|---|---|---|
| **Висока контрола** | *Авторитативно* | *Авторитативно* |
| **Ниска контрола** | *Толерантно* | *Толерантно* |

**Табела бр. 2. Стилови на менаџирање на одделението**

Според Баумринд, авторитетниот стил ја поттикнува независноста, е топол и прифатлив за учениците, се јавува контрола заедно со објаснувањата што им овозможуваат на студентите да ги изразат своите ставови. Авторитативниот пристап е најдобрата форма на стил на управување со училницата бидејќи е тесно поврзан со соодветните однесувања на учениците.

- **Авторитетен стил** – се карактеризира со принципи на однесување, високи очекувања за правилно однесување, јасни изјави за тоа зошто определени однесувања се прифатливи, а други не се прифатливи и топли односи студент – наставник.
- **Авторитарен стил** – има тенденција да се карактеризира со збир на правила на однесување, кои честопати се сметаат за казнени и ограничувачки за студентите без право да зборуваат во нивното управување; карактерот на наставникот понекогаш се перципира како ладен, дури и казнувачки.
- **Дозволен стил** – се карактеризира со недостаток на вклученост, околината е неказнета, има мала побарувачка за студенти и има многу слобода.
- **Стил на толеранција** – претставува средина во која нема никакви барања за ученикот, а студентите се активно поддржани во нивните напори да ги остварат своите цели користејќи разумни средства (Baumrind, 1971).

## 1.5. ПРИНЦИПИ ВО МЕНАЏИРАЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО

Недостатокот на најдобри совети за управување со училницата е еден од најпредизвикувачките делови за да се биде наставник бидејќи справувањето со децата бара многу напор и внимание. Значи, ако сакаме да заштедиме енергија и да имаме долга наставна кариера, потребно е долго време да учиме и да го совладаме ефективното управување со училницата. Во согласност со ова, ова прашање има некои принципи што водат до негова ефикасност, како што се:

**Бидете дефинирани**

Знајте што сакате и што очекувате на часот. Пред почетокот на учебната година, треба да има список на очекувани однесувања што ги сакате во училницата.

Правилата и прописите на училиштето помагаат во ова, но наставниците ќе треба да ги дополнат деталите, особено однесувањето што го сакаат во училницата. Поставувањето рутини во училницата на почетокот на учебната година е направено така што нема несигурност во управувањето со училницата. Однесувајте се сериозно и што е можно потемелно од моментот кога ќе влезете во училницата, па сè до излегувањето од часот.

**Бидете свесни**

Децата ќе бидат малтретирани, работите ќе тргнат наопаку, ова е повеќе од сигурно. Кога тоа ќе се случи, наставниците прво треба да погледнат на добрата страна. Ова е направено со давање посебна пофалба за она што се случува правилно. Ако ситуацијата изискува санкција, тогаш наставникот треба да изврши санкција за ученикот. Од нив беше побарано да бидат јасни и доследни за учениците да разберат дека нивното негативно однесување има соодветни последици. Ова е причината зошто првите две недели од учебната година се клучни за воспоставувањето правила и рутини во училницата. Овие недели може да определат како ќе напредува учебната година. Поставувањето сопствени високи очекувања на почетокот на учебната година е важно бидејќи и вашите ученици ќе научат повеќе за нив.

**Бидете мирни и стабилни**

Однесувањето на учениците може да го подигне крвниот притисок и остро да го тестира трпението на наставниците, но само ако учениците самите го дозволат тоа. Затоа, од наставниците се бара да бидат мирни и доследни во рамките на својата училница. Третирањето на учениците треба да биде како со друг возрасен, без разлика колку е детско нивното однесување. Другата причина зошто треба да бидете доследни е покажувањето правда. Студентите ја ценат правдата. Она што важи за еден студент, треба да важи за сите. Иако секој има омилени ученици, сепак треба да се направат напори да се држи фаворизирањето под контрола и да се биде фер кон сите.

**Дајте им структура**

Откако ќе знаете што сакате во својата училница, време е да им ги објасните овие правила на учениците, покажувајќи ги детално очекувањата и како треба да се однесуваат на часовите. Потребен е што е можно повеќе напор за да се водат учениците. Една корисна работа што може да се направи е да се создадат брзи невербални сигнали за да се покажат акции специфични за часот. Обуката на часот за следење на овие упатства е направена така што има време за учење наместо многу вербални инструкции.

**Бидете позитивни**

Секогаш да се биде во потрага по добро однесување им дава конкретни проценки на учениците. Одржување позитивно мислење во училницата, поздравување со нив, избегнување критики и сарказам.

**Бидете заинтересирани**

Покажете разбирање за учениците. Искрено заинтересирани за нивниот живот. Препознавање на нивните интереси и охрабрување да учествуваат во воннаставни активности за да ги запознаете надвор од училницата. Ова е еден од најмоќните принципи во управувањето со училницата. Преку развивање добар однос со учениците, може подобро да се влијае кон подобро однесување и перформанси во училницата. Ова е нешто кон што секој наставник треба да се стреми и да го развива, имајќи позитивно влијание врз своите ученици.

**Станете трајни**

Техниките за управување со училницата што се применуваат во училницата може да не дадат моментален успех. Разбирањето на семејното потекло на учениците може да ни помогне подобро да разбереме зошто некои од учениците биле злоупотребени. Нивното негативно однесување не треба да се сфаќа лично и треба да продолжи примената на овие принципи во управувањето со училницата (Musai, Psikologji Edukimi, 1999).




**Табела бр. 3. Критериуми за менаџирање на одделението**

## ВТОРО ПОГЛАВЈЕ

### 2. ОСВРТ НА ЛИТЕРАТУРАТА

Анксиозноста што ја доживува поединецот за да биде учител зависи од стилот и видот на управување што тој ги користи. Ако овој стил не одговара на околностите на работа во неговото одделение, како и на личноста на неговите ученици, се разбира дека самото раководење нема да биде правилно. Вакви осврти наоѓаме во различни педагошки и социолошки согледувања од многу локални автори, вклучително и меѓународни.

Група автори, Адем Тамо, Едмонд Рапти и Теодор Карај, во својот текст „Настава и учење", освен што го дефинираат процесот на менаџирање, нагласуваат дека тоа е процес на насочување и водење на одделението со цел да се има правила во него, но исто така, истакнуваат и дека за добро да се менаџира одделението, наставниците мора да избегнуваат каква било можност за создавање какви било проблеми во одделението поврзани со однесувањето на учениците. Поради оваа причина, оваа група автори во својата книга ги даваат следниве препораки:

1. Бидете фер кон учениците со тоа што ќе ги третирате еднакво и на ист начин;

2. Бидете доследни, изразувајте ги истите реакции во исти ситуации и без исклучоци;

3. Бидете интересни во училницата, што значи да бидете иновативни во училницата;

4. Стабилизирајте некои рутини во одделението со менување на работните навики (Група автори, 2012).

Проф. д-р Скендер Сулај во својот текст „Граѓанско образование со наставна методологија", по дефинирањето на менаџирањето дека тоа е клучот за да се биде успешен наставник и какво е менаџирањето такви се и постигањата на учениците во одделението, оценува дека одделението треба да биде однапред формирано од

ученици на слична возраст, со слични претходни знаења и психофизички способности и различно социјално потекло. Во оваа релативно хетерогена структура, наставникот мора да создаде атмосфера на доверба, почит и безбедност меѓу учениците. Оваа атмосфера како предуслов за колективна хармонија и успешна наставна работа се постигнува со доверување задачи и работа од индивидуален и од колективен интерес за учениците (Sylaj, Edukimi Qytetar me Metodologjinë e Mësimdhënies, 2010).

Проф. д-р Бардил Мусаи во својот текст „Психологија на образованието“ по дефинирањето на важноста на менаџирањето на одделението за непречено одвивање на процесот на учење, и особено на наставниот час, посебен акцент става на некои карактеристики на одделението што се поврзани со аспектот на неговото структурирање од страна на наставникот:

1. Одделенијата ги има многу и се од различни видови. Во нив настава посетуваат и голем број ученици што се под притисок од мноштвото задачи и од факторот времето.

2. Друга карактеристика на одделението е симултаноста поради фактот што секој чин предвиден од наставникот се случува во програмирано време за сите ученици.

3. Во одделението настаните често се непредвидливи, дури и ако наставникот претходно испланирал сè.

4. Разликувачка карактеристика на одделението во однос на другите е градењето на неговата историја од година во година, со секоја акција, активност и посветеност што учениците може да ја направат (Musai, 1999).

Џејлане Алиу во својот текст „Како да се стане успешен наставник“, меѓу другото, прашањето на менаџирањето го оценува како едно од најважните од кое зависи постоењето на одделението и на училиштето во целина, како процес без кој не постои образовниот процес во каква било можна форма. Истовремено, го нагласува аспектот на приспособување на наставниците кон современите услови, од

кои сите наставници ќе имаат можност да ја практикуваат современата настава (Aliu, 2012).

Проф. Муса Краја во својата книга „Педагогија“ од мноштвото теми што се третираат во неа, зборува и за дефинирањето на одделението во целина и за спецификите на процесот на менаџирањето. Во однос на менаџирањето, овој автор посебен акцент става на професионалната подготовка на наставниците што, според него, води до најквалитетна настава и учење во образовниот процес. Според него, доколку наставникот стагнира од аспект на посетување обуки за иновативното поле на наставникот што влијае врз аспектот на современата настава, тогаш секако дека овој образовен процес ќе заостанува во секоја форма и учениците не би се менаџирале правилно, како во одделението, така и на наставните часови (Kraja, 2006).

Херберт Гросман во својата книга „Менаџирање со однесувањето во одделението“ го истражува моделот на последиците од однесувањето на учениците и тврди дека учениците се однесуваат посоодветно кога ги трпат своите последици. Според него, мотивацијата на однесувањето во одделението е да се привлече внимание бидејќи многу ученици се мотивирани со привлекување внимание од нивните наставници или од врсниците. Неговиот предлог за справување со недоличното однесување на учениците е да се отстрани ученикот од одделението додека тој не се смири (Grossman, 1995).

Стјуарт во својата книга „Богатство на знаењето“ ги анализира факторите на средината за учење што имаат најголемо влијание врз успехот на учениците и открива дека чувството за хумор и довербата кај новите наставници ги зголемува позитивните чувства за однесувањето на учениците (Stevart, 2003).

Десидерио во своето истражување открива дека кога наставниците се одлично обучени за одделна дисциплина, тогаш тие ќе бидат подобро подготвени и посигурни во справувањето со учениците кои имаат несоодветно однесување (https://files.eric .ed.gov/fulltext/EJ724887.pdf, 2018).

Калис ја проучува ефективноста од самоменаџирањето за зголемување на стапките на пофалби кај наставниците и прифатливоста за користење на оваа техника, спроведена преку неформално слепо набљудување, и открива дека проширувањето на употребата на саморефлексијата за зголемување на менаџирањето на одделението е ефективно решение.

Вилијам Сирс и Марта Сирс во својата книга „Книга за дисциплината“ покрај тоа што дефинираат што е самата дисциплина, го поставуваат и прашањето за менаџирање на одделението како важен аспект во менаџирањето на одделението и на наставата, за што истакнуваат дека е многу загрижувачки доколку овој процес не е на вистинското ниво од страна на наставниците и од самото училиште во целина. Тие, исто така, обезбедуваат конкретни совети за тоа како да се постигне тоа, опишувајќи ја улогата на секој фактор што влијае на следниов начин (Sears, 2016):

• *Улогата на мајката наспроти улогата на таткото* – со ставање посебен акцент на воспитанието што го обезбедуваат како родители;

• *Спречување изливи на темперамент* – во смисла дека ако наставниците имаат попрепознатливи рефлексивни карактеристики на темпераментот, тогаш треба да бидат внимателни и да се воздржат секогаш кога се смета дека е потребно, бидејќи имаат работа со деца, а не со возрасни;

• *Како да му помогнете на детето да ги изрази своите чувства* – давање повеќе совети како да ги натерате учениците да се отворат за да не бидат во голема мера интровертни;

• *Конструктивна употреба на гнев* – поттикнување на учениците да имаат позитивен гнев за себе, а не кон другите или кон своите пријатели;

• *Добра храна за добро однесување* – бројни совети поврзани со аспектот на правилна и добра исхрана што нужно влијае врз постојаното внимание на учениците;

• *Сон и дисциплина во текот на ноќта* – совет кој е повеќе посветен на родителите и е поврзан со фактот дека тивкиот и удобен сон на децата несомнено

позитивно ќе се одрази врз однесувањето на учениците во одделението, а и врз наставните часови;

• *Ривалство меѓу децата во семејството* – ако детето доживее разлики или фаворизирање од своите родители, тоа нема позитивно да влијае врз тоа дете од многу причини, прво од неговото лошо однесување дома, исто така и во одделението, потоа од сопственото фаворизирање како дома, така и во училницата, тоа дете ќе се чувствува себеси над сите и може да доведе до лошо однесување од негова страна;

• *Шамари, тепања и методи на нивна замена* – овде авторот дава предлози како да се избегнат многуте форми на физичко и психичко насилство што го прават родителите, понекогаш дури и наставниците, и да го заменат со „пофалба“ и со убави зборови.

Даниел Мујс и Дејвид Рејнолдс во својата книга „Ефективно учење“, посебно во поглавјето за менаџирање на одделението, оценуваат дека овој процес е многу важен во однос на квалитетот на наставата и учењето на учениците наспроти современата настава (Mujiz, 2007).

## 2.1. НАСТАВНИКОТ ВО СОВРЕМЕНАТА НАСТАВА

Во нашата земја, концептот на настава под целосна власт на наставникот ја губи својата поранешна важност, додека општите општествени услови станаа движечка сила во позитивен аспект. Ова е важно бидејќи продирањето на нови технолошки алатки и нови методи на работа во процесот на учење нема автоматски да ја промени улогата на наставникот во процесот на учење. Организациската и оперативната улога е трајна карактеристика на нејзината функција, затоа оваа улога никогаш нема да исчезне. Во новите услови, оваа улога се менува и во однос на квантитетот и во однос на квалитетот на наставата и управувањето со училницата (Prodanoviq, 1976).

Со развојот на креативноста и на независниот начин на работа, модерната наставна технологија придонесува ученикот да може самостојно да ги организира своите активности. Во наставата со модерна технологија наставникот станува организатор на целиот процес на учење. Тој во современата настава, особено при управувањето со квалитетот на училницата, создава квалитетно раководење со часот, го контролира и го насочува неговиот тек, подобрувајќи го квалитетот на овој процес и дејството на сите фактори во него (Haliti, 2007).

Современиот дидактички концепт за зголемената улога и ангажман на наставникот во современата настава го ослободува наставникот од обврската дека сѐ што се случува е резултат на неговата авторитативна проценка, бидејќи ученикот според оваа форма на учење е способен да собира факти и аргументи и критички да ги анализира преку својот личен ангажман во училницата. Учењето, во некоја форма, е демистифицирано и ослободено од догматизмот на традиционалното училиште, во кое сите информации им се даваат на учениците преку разни технолошки алатки, како што се: компјутери, лаптопи, проектори, звучници итн. (Zylfiu, 2011). Сите овие технологии несомнено влијаат врз управувањето со училницата, во која формата на нејзиното управување нужно се менува, во споредба со минатото кога воопшто немаше соработка со учениците, но и во практичен аспект како во управувањето со училницата, исто така и со часот.

## 2.2. АТРИБУТИ НА СОВРЕМЕНИОТ НАСТАВНИК

Голем број фактори влијаат врз ефикасноста на воспитно-образовната работа во училиштето. По природа, тие може да бидат субјективни и објективни. Во групата субјективни фактори се разгледуваат најрелевантните фактори: наставник, ученик и родители. Секој наставник или воспитувач треба да биде свесен дека со своите специфични карактеристики создава услови и околности за учениците да сочувствуваат, па дури и да мразат. Учениците, кога не им се допаѓаат особеностите на наставникот, како што се: нефер однос кон работата и кон учениците, искреност, сериозност, принципиелност, објективност итн., тие не само што ќе го мразат

наставникот туку и ќе го мразат со речиси исти пропорции предметот што го предава. Следствено, со право е наведено дека кога наставникот и предметот се мразат, не може да се очекуваат охрабрувачки резултати во наставниот процес и во работата (Rexhepi, Atributet e mësimdhënësit bashkëkohor, 2018).

Затоа, наставниците од сите нивоа на образование, почнувајќи од предучилишните установи па до универзитетите, треба да посветат посебно внимание на негувањето и развојот на оние карактеристики што треба да ги има современиот училиштен наставник. Во групата атрибути посветени од наставниците на учениците, се разгледуваат следниве: му угодува на ученикот, користи различни техники на настава, има добра смисла за хумор, го владее предметот, признава каде згрешил, користи пријатен тон, е ентузијаст за предметот, нема омилени ученици, е љубезен со сите во текот на часот. Сите овие атрибути го заокружуваат „идеалниот учител“ (Haliti, 2007).

**а) Карактеристики на современиот наставник:**

• Добриот наставник ги почитува учениците на високо ниво – на неговиот час, секоја мисла и идеја се почитувани и вредни за ученикот.

• Добриот наставник создава чувство на заедница во училницата – секој ученик тука има наум дека секоја нивна мисла и задача се важни, без разлика како го прават тоа.

• Одличниот наставник е топол, пристапен, ентузијастички и грижлив – оваа личност е разновидна не само за своите ученици туку и пошироко.

• Добриот наставник поставува високи приоритети и високи очекувања од своите ученици – тој знае дека сите високи очекувања што ги очекува од своите ученици, несомнено, се одразуваат врз постигањата на своите ученици.

• Добриот наставник е лидер во вештините – за разлика од другите кои тврдат дека ја постигнале наставната програма, тој има за цел да постигне успех со учениците.

• Посветен наставник може да направи разлика во училницата што ја има по заостанувањето во учењето од ученици со тешкотии во учењето.

• Посветениот наставник ја извршува својата задача со целосна професионалност (Rexhepagiq, 2002).

Сите овие атрибути, стандарди и критериуми за ефективна работа на наставникот треба да ги поседува секој наставник во нормалниот тек на својата работа, со цел не само да се придржува до наставната програма туку и да постигне максимален успех во својата работа. Неговата максимална посветеност треба да оди рака под рака со новите технички и информативни откритија и пронајдоци за да не ја загуби својата улога како водич за учениците, нивен помошник за чекорите во иднината (Larsen, 2016).

**б) Шесте главни клуча што го прават еден наставник посветен на својата работа се:**

1. Ги предизвикува своите ученици,
2. Идентификува можности за активно учење,
3. Се грижи дали ќе бидат видливи,
4. Обезбедува лидерство,
5. Остава голем впечаток,
6. Ветува фер и праведен систем (Група автори, 2003).

## 2.3. СРЕДИНАТА ВО ОДДЕЛЕНИЕТО И НЕГОВАТА АТМОСФЕРА

Напорите на денешните наставници се прават со цел да ги променат своите практики, да го поддржат развојот на критичкото размислување за време на читањето и на пишувањето, како што бара современата настава во однос на управувањето со училницата, како и на часовите, и ова очигледно е одговорност на „мајсторот“ наставник (Група автори, 2006).

Многу од модерните средини за учење што се градат денес ефикасно го промовираат и го поддржуваат опсегот на едукатори, вклучувајќи дистрибуција, примена, создавање, комуникација и одлучување за секој чин со учениците во училницата (Azvesolli, 1965). Не на сите одделенија ќе им треба целиот простор во училницата во секое време, но учениците треба да имаат пристап до него ако се појави потреба за секој предмет. Современите средини за учење поддржуваат учење и напор заснован врз принципите на наставниците (Azvesolli, 1965).

Одделенијата што ги поканувaат учениците активно да учат и критички да размислуваат ги имаат следниве карактеристики:

1. **Атмосферата во одделението е одговорност и на наставниците и на учениците**. Учениците учествуваат во составување на правилата за однесување во училницата. Наставниците преземаат иницијатива да користат стратегии за учење, за соработка и за менаџирање на одделението и на наставните часови.

2. **Наставниците им укажуваат на учениците за критичкото размислување и им помагаат зборувајќи за стратегии за размислување.** Наставниците го покажуваат начинот како да размислуваат критички, не со давање идеја дека сè што излегува од устата е неспорно, туку третирајќи ги идеите на хипотетички начин, преку условно третирање на идеите и со поттикнување на почитување на различните гледишта во текот на наставниот час. Исто така, ги поттикнуваат учениците да зборуваат едни на други за какви било прашања што може да се појават меѓу нив, но и во однос на менаџирањето на одделението.

3. **Преовладува отворена и истражувачка атмосфера**. Во активностите што ги развиваат учениците, тие имаат определени улоги кога практикуваат различни типови на размислување. Тие прават предвидувања за тоа што може да се случи, додека наставниците им даваат совети за извршување задачи и за поправање на нивното однесување.

4. **Учениците се потпираат на наставникот, но до потребна мера**. Наставниците ги водат учениците во различни насоки и индивидуално за да ја постигнат својата независност и да имаат топла средина во одделението.

5. **Организирањето на одделението го прави лесно и природно барањето учениците да работат заедно и да разговараат едни со други.** Во традиционалните училници седењето беше како на свечени места, каде што учениците седеа во редови како гледачи и каде што наставникот седеше пред класот, додека со модерната организација на часот, се бара процесот на седење да биде секогаш во групна форма за да се поттикнува практично размислување и дејствување на учениците и зголемување на меѓусебната соработка (Група автори, 2011).

Образованието во 21 век дефинираше многу различни задачи во споредба со традиционалниот модел на образование каде што меморирањето информации и податоци беше најважниот дел од образованието. Меморирањето на фактите не е доволно за успешна подготовка на децата во XXI век бидејќи се смета дека 75 % од професиите во XXI век сè уште не се откриени (Maxhado, 2018). Затоа, одделението го претставува основниот, педагошкиот и просторниот елемент на училиштето. Како основен елемент на секоја образовна институција, тој е исклучително важен бидејќи процесот на човечкото образование, односно образование и воспитување во организирана форма започнува токму во училницата (Aktas, 2011).

## 2.4. СОВРЕМЕНАТА КЛИМА И НЕЈЗИНОТО МЕНАЏИРАЊЕ

За да постигнат успешна настава во училиштето на 21 век, наставниците ги сменија своите дидактички пристапи со цел да создадат стимулативна проактивност во пријатна клима во одделението за подобар развој на постигањата на учениците. Климата во одделението во тековните истражувања значи комбинирање на варијабли во одделението кои работат заедно за да го поттикнат учењето во удобна средина (Adili, 2016).

Менаџирањето на одделението сигурно вклучува дисциплина, контрола и казнување во голема мера. Во традиционалната теорија за менаџирање на одделението, целта на менаџирањето на одделението значеше „постигнување контрола и ред во одделението“. Сепак, концептот за менаџирање на одделението е

трансформиран во „создавање клима за учење“ (Memedi, 2014). Како што е наведено во предговорот на книгата од Националната асоцијација за проучување на образованието во САД од 1979 година, поимот менаџирање со одделението ги вклучува „одредбите и процедурите неопходни за создавање и одржување средина во која може да се одвива учењето“. Според Доке, критичниот елемент на улогата на наставникот се разликува од контролата во менаџирање со времето, просторот, материјалите, помошниот кадар и учениците. Во овој случај, многу светски автори зборуваат за улогата што ја има климата во одделението и нејзините ефекти што може да ги создаде во однос на учениците, како во следниот случај:

**Климата ја регулира циркулацијата и изградбата на знаењето**. Во инклузивна клима, сите ученици имаат поголема веројатност да постигнат различни перспективи и со тоа да ги збогатат дискусиите, но ако се случи спротивното кога некои ученици или групи сметаат дека нивниот придонес не се цени исто како и другите, тие ќе се повлечат од разговорот (Musai, Diskutimi dhe të nxënët në bashkëpunim, 2003).

**Климата предизвикува емоции што влијаат врз учењето**. Во продуктивно одделение, искуството за учење се карактеризира со возбуда за откривање, радост, задоволство и гордост за нечии достигнувања. Сите овие позитивни емоции имаат ефект на мотивирање на учениците за натамошно учење. Од друга страна, ако емоциите што преовладуваат во одделението се страв, срам или срамење од грешење, или досада и апатија за содржината, овие негативни емоции ќе бидат доста демотивирачки за учениците.

**Климата може да ги канализира енергиите подалеку од или кон учењето.** Во одделенијата каде што учениците се чувствуваат слободни да бидат сами, тие често имаат корист од нивното лично искуство со кое ги предизвикуваат конвенционалните претпоставки, ангажирајќи се со наставен материјал на креативни начини.

**Климата влијае врз упорноста на учениците**. Кога кумулативните директни и индиректни пораки што учениците ги перципираат и комуницираат не

се толку умешни како кај другите ученици и не му припаѓаат на предметот, учениците најверојатно помалку ќе го сакаат предметот (Neziri, 2016).

Покрај тоа, посветен наставник за настава и менаџирање со одделението секогаш планира стратегии во зависност од потребата да се планира процесот на учење или наставниот час, што значи дека тој, исто така, ја оценува ситуацијата со учењето или, пак, расположението на учениците. Ова значи дека е важно ученикот да го совлада наставниот материјал, без оглед на тоа каква методологија или наставна техника користи одделен наставник и како ја користи, важно е ученикот да разбере што им предава наставникот (Rexhepi, 2017). Оттука, Бесјана Реџепи во својата книга нагласува дека: *Ставот на наставникот ја создава климата во одделението. Екстремно ригорозните наставници навистина не можат да го разберат светот на учениците. На одделението, исто така, му се потребни моменти на хумор* (Rexhepi, 2017).

## 2.5. МЕДИУМСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ КАКО ПРЕДИЗВИК ВО МЕНАЏИРАЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО

Ерата во која живееме и разните технолошки еволуции, од една страна, веќе ја олеснија комуникацијата со луѓето, правејќи ги секогаш да бидат информирани за дневните вести, но и да имаат контакт со своите роднини. Човекот денес нема недостаток на информации, туку „разновидни селекции на информации“ (Kraja, 2006). Од големата група медиуми и, воопшто, од бројните технолошки уреди што постојат, несомнено за сите овие постојат и позитивни и негативни страни што се истакнуваат од ден на ден со нивната употреба од страна на учениците, односно на децата (Kraja, 2006).

**Меѓу негативните ефекти ги сметаме**:

1. Медиумите ги прават учениците „глуви“ (неконцентрирани) и мрзливи на часовите.

2. Учениците не спроведуваат длабинско истражување, туку само трансцендентално.

3. Медиумите ги охрабруваат учениците да учат преку нив и учењето станува неквалитетно.

4. Медиумите создаваат зависност кај учениците.

5. Употребата на разни технолошки и медиумски алатки и опрема предизвикува и разни болести кај учениците (Murati, 2016).

**Меѓу позитивните последици на медиумите се:**

1. Медиумите им даваат можност на учениците да комуницираат едни со други во различни форми, преку технолошки уреди.

2. Интернетот и медиумите им овозможуваат на учениците да се запознаат со многуте организациски форми на живот и наставна работна активност за сите ученици од училиштата во различни земји во светот.

3. Интернетот, главно, ги збогатува учениците со обемно научно знаење (Група автори, 2003).

Во пресрет на ефектите што самите наставници ги наведуваат, што конкретно може да го предизвикаат медиумите, тие проценуваат дека покрај олеснувањето на менаџирањето на одделението и процесот на учење што медиумите го прават за учениците, но и за нив, медиумите од дел од наставниците се сметаат за опасни поради фактот што од губење на интересот на учениците за традиционалното учење и читање ќе настапи „онлајн“ учењето, без потреба од наставници во нивната настава (Zeneli, 2003). Тие сметаат дека во блиска иднина, развојот на информатичката технологија може да ги загрози нивните работни места како резултат на големиот одраз што овој тип технологија го добил кај учениците, а секако и кај возрасните (https://cio.pcworld.al/a-mundet-teknologjia-te-ndihmoje-mesuesit-te-shpjegojne-dhe-nxenesit-te-kuptojne/, 2018).

**Односи „наставник – ученик – медиум“** – овие типови односи во денешните општества создаваат важен дидактички триаголник, од кој учењето станува полесно секојдневно за учениците, но и наставата станува полесна за наставниците од сите нивоа, и покрај евентуалните закани упатени во случај на голема зависност и голема употреба на технолошка опрема од страна на учениците ((https://www.slideshare.net/.../qverisja-dhe-udhheqja-n-arsim, 2018). Но, сè зависи од наставникот како ќе може да маневрира со технолошката опрема во училницата и да менаџира со учениците додека ја користат (Dervordeli, 2013). Сето ова бара голема внимателност затоа што ако не се менаџира со однесувањето на учениците и со нивната дисциплина што може да произлезе од лошото менаџирање на наставникот, ако не и од неговото лошо раководство, тогаш дефинитивно се доаѓа до хаос во одделението каде што нема да има заинтересираност на учениците за процесот на учење, за нивната волја да бидат во одделението, како и да учат.

## 2.6. КОЛЕКТИВИТЕТОТ НА ОДДЕЛЕНИЕТО КАКО УСЛОВ ЗА НЕГОВО ДОБРО МЕНАЏИРАЊЕ

Структурираното одделение сè уште не е формиран колектив бидејќи суштината на неговото формирање е изразена со неколку фази и постапки на избор на учениците и формирање на структурата на одделението, процес што е долг и поврзан со развојните активности и стабилизирање на одделенската заедница како независен колектив (Zimmemanrn, 2016).

Правилната структура на одделението е главниот услов во процесот на формирање на колективот на одделението и неговото правилно менаџирање. Дури и најдобрите студенти формално го формираат одделението, но не ја формираат заедницата на одделението без да се формира нејзиниот колектив, односно без да го изберат нејзиното конститутивно раководство. Овој процес на формирање на одделенскиот колектив е сложен и трае сè додека трае животот на одделенскиот колектив. Затоа, овој процес претставува висок степен на училишна работа, главно, активност на наставникот. Колку повеќе информации имаат наставниците за

структурирање на одделението, толку пошироко ќе се препознаат законитостите на развојот на одделението и поефикасно ќе се применат најефикасните техники и методи во процесот на формирање и на менаџирање со одделението (Kraja, 2006).

Во овој поглед, постојат голем број училишни прописи од кои поаѓаат наставниците, кои во повеќето случаи се менуваат на различни начини од страна на наставниците, како што тие самите сметаат дека се неопходни. Според нормата предложена од институцијата Народен правобранител, се проценува дека раководството на одделението го избираат самите ученици кои предлагаат кандидати што мора да имаат определени критериуми, постапка што започнува од подготовка на гласачки ливчиња и гласачки кутии. Треба да се има предвид дека кај кандидатите треба да се изрази и родова еднаквост. Гласањето се одвива тајно и победува оној со најголем број гласови. Целата оваа постапка ја води наставникот (Trandafili, 2008). Ученичкото раководство е форма на организирање на учениците за да ги остварат своите права и обврски да учествуваат во важни одлучувања во и надвор од училиштето. Ученичкото раководство, иако составено од група ученици, всушност, е портпарол на интересите на ученичката заедница да ги заштити нивните права, да придонесе за задоволување на потребите и развојот на нивните интереси со цел што е можно поквалитетна образовна услуга. Преку нивното раководство, тие соработуваат со сите ученици во училиштето. Тие се вклучени во решавањето на училишните проблеми, во соработката со директорот на училиштето, со вработените и со родителите, во корист на училиштето и на самите ученици. Функционирањето на ученичката влада создава нов менталитет за положбата и улогата на учениците во училиштето, гледајќи ги како партнери и активни учесници во процесите на одлучување во училиштето и во решавањето на различни проблеми (http://greenschoolprishtine.weebly.com 2018). Придобивката од ученичкото раководство е голема поради фактот дека тоа:

1. Ги сензибилизира учениците и ги советува за примена на новите политики во училиштето.

2. Ги штити правата на учениците слушајќи ги нивните ставови, предлози и идеи.

Затоа, ова одделенско управување може да се смета за успешно ако:

• На учениците им се дава можност да стекнат и понатаму да развијат вештини за комуникација и работа во групи.

• Расте личноста на учениците, се зајакнува нивното чувство за иницијатива и претприемништво, кои се неопходни за поединецот во денешното општество.

• На учениците им е дадена можност да бидат слушнати од сите училишни партнери за да ги презентираат своите грижи, идеи и предлози (Pupovci, 2011).

Само по себе, раководството на одделението е важен фактор за напредокот на процесот на учење во одделението и за неговото менаџирање бидејќи таков како што е раководителот на одделението, такво може да биде и раководството на одделението, ако не е соодветно менаџирано од самиот класен раководител на одделението, секогаш соработувајќи со своите ученици (Lila, 2017).

## 2.7. ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО КОСОВСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Додека во повеќето земји главната грижа за нив е како да најдат најлесен начин за учење и настава, во многу земји, па и во Косово, тие продолжуваат да експериментираат со наставните програми и реформи, обидувајќи се да го донесат најдоброто во образовниот систем, оставајќи ја настрана состојбата на вистинскиот училиштен инвентар, главно во селата, каде што сѐ уште има стари училишта со лоша инфраструктура што создава тешкотии не само за учениците туку и за наставниците ((http://masht.rks-gov.net/publikimet, 2018).

Како што знаеме, Косово е земја во транзиција, повеќе фокусирана на економската сфера, како и на образовниот систем во кој многу експерти се обидуваат да внесат нови идеи за настава и учење во основните училишта. Тие веруваат дека со најновата реформа позицијата на учениците треба да се промени во споредба со минатото, додека порано беше објект во процесот на учење, а сега треба да го има главното влијание во овој процес, станувајќи субјективен фактор, или како што се вели во поново време – да ја има позицијата на центар во рамките

на образовниот систем. Образованието е најважното поле на секое општество. Преку образованието луѓето може да стекнат култура, еманципација и знаење за настаните од реалниот живот и да се подготват во случај на каква било потреба од природните феномени. Затоа, образованието е главниот фактор на општеството на кое, исто така, може да влијаат промените или подобрувањата во општеството во многу области (Beka, 2018).

Последните реформи во образованието беа направени во 2011 година кога Министерството за образование, наука и технологија ја направи најновата наставна програма во која е дефинирано секое ниво на промени во образовниот систем, секогаш фокусирајќи се на положбата на учениците. Овие нови реформи беа многу позитивни, почнувајќи со обезбедување бесплатни учебници во основното образование, потоа со зголемување на платите за наставниците, кои во минатото беа многу ниски. Исто така, дел од овие експерименти беа и многу курсеви и обуки за нови техники и методи на настава и учење за време на образовниот процес, што им го олесни начинот на учење на учениците ((http://www.mei-ks.net/repository/docs/1Material_Diskutimi16102012.pdf , 2018).

Најголемо значење во овие реформи има способноста да се создадат нови лекции за учениците, да се направат лекции за учениците од типот на игра со цел полесно разбирање, да се покаже поголем интерес за учење нови работи и за училишните часови. Значи, во споредба со другите балкански земји, Косово има уште многу да направи во образовниот систем, но прво мора да продолжи да создава подобри инфраструктурни услови во училиштата и да се обиде да ги вклучи наставниците во повеќе технолошки обуки бидејќи Европската Унија се обидува да примени дополнителни критериуми, од кои очигледно треба да направи промени и во образовниот систем, обидувајќи се да внесе сличности од другите земји и, секако, од соседните земји: Албанија, Македонија, Србија и Црна Гора (Autoriteti Kombëtar i Kualifikimeve., 2011).

Наставната програма за Косово се состои од комплексен систем на документи за наставната програма и мерки за нивна примена. Овие документи за наставната програма опишуваат зошто, што, кога и како учениците ќе учат за време на

предуниверзитетското образование. Документите за наставната програма на Косово се групирани во две главни компоненти:

• Концептуална компонента, која е Косовската рамка за наставна програма (КРНП);

• Оперативна компонента, која е комплексен пакет документи што овозможуваат примена на КРНП во образовниот систем преку јасно дефинирање на очекувањата за перформансите на учениците, наставниците и училиштата.

Промените започнаа со изготвувањето на Рамката за наставната програма на Косово во 2001 година, која го промени предуниверзитетското образование во училишните денови, структурата и педагошкиот пристап, како и содржината на наставниците, учениците, без пилотирање, а потоа создаде некои големи пречки за тековната нормална состојба на образовниот процес, перформансите на наставниците и особено постигнувањата на учениците, секогаш обидувајќи се да го донесе најдоброто за образовниот систем на Косово (Autoriteti Kombëtar i Kualifikimeve, 2011).

## 2.8. ТЕШКОТИИ И ПРЕДНОСТИ ВО РАБОТАТА СО НОВАТА НАСТАВНА ПРОГРАМА ВО КОСОВСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Косово во моментов има образовен систем 5 + 4 + 3 кој започнува на возраст од 6 години. Промената на структурата на образованието од она што беше 4 + 4 + 4 беше направена со цел образовниот систем на Косово да биде во согласност со образовните системи на развиените земји. Новата наставна програма заснована врз компетенции што поттикнуваат „учење за учење, решавање проблеми, критичко разбирање и претходно учење“ нуди некои од клучните вештини и компетенции што треба да се применат во доживотното учење – потпомогнати од технологијата на информации и од комуникацијата. Според експертот за образование Февзи Бериша, реформите во образовниот систем не покажаа успех. „Иако зборуваме за реформи, реформата ги разбира промените секоја година, но тоа не носи квалитет.“

Затоа тој беше против овие нови реформи, особено во системот на основното образование. Тој нагласува: „Не направивме проценка како и какви знаења ни се појавуваат кај учениците на сите нивоа. Имаме две проценки – државниот испит и внатрешните достигнувања и оценки кои не се надворешни за да видиме какво е знаењето во другите земји.“

Ако ги изброиме тешкотиите на новите реформи и наставните програми во образовниот систем, прво може да кажеме дека овие тешкотии започнуваат од несоодветниот начин на реформирање на образовниот систем без да се засноваат на реалната состојба и на училишната инфраструктура, потоа во процесот на внатрешното едуцирање има многу слабости во текот на наставата и во процесот на учење. Во наставниот процес, новите реформи и наставни програми ги имаат овие тешкотии:

- Тешкотии да се применат во секое училиште поради надворешни фактори, како што се недостаток на училишна опрема и инвентар;
- Големо оптоварување за учениците додека се обидуваат да научат лекции од сите книги:
- Комплексни теми додека се во прво одделение;
- Повеќекратни непотребни материјали за млади возрасти (Група автори, 2012).

| Најновата структура на образованието | Возраст | |
|---|---|---|
| **Предучилишно воспитание** | 3 – 5 | |
| | 5 – 6 | |
| **Основно образование** | 6 – 7 | **Прво одделение** |
| | 7 – 8 | **Второ одделение** |
| | 8 – 9 | **Трето одделение** |
| | 9 – 10 | **Четврто одделение** |
| | 10 – 11 | **Петто одделение** |
| | 11 – 12 | |

| | |
|---|---|
| **Средно ниско образование** | 13 – 14 |
| | 15 – 16 |
| | 16 – 17 |
| **Средно образование** | 17 – 18 |

**Табела бр. 4. Структура на образованието во Косово**

Новите наставни програми и реформи создадоа добра шанса за децата да можат да интервенираат во сопственото учење преку нови техники и методи на настава и учење. Сега тие може да ја разберат лекцијата на најлесен начин, да ја објаснат лекцијата како инструкција за игра, правејќи ги да се чувствуваат слободни да прашуваат и да се концентрираат за време на часовите. Овие можности, новата наставна програма и реформите, исто така, донесоа придобивки за наставниците и за учениците.

Меѓу главните можности и придобивки од новата програма и реформи ги издвојуваме:

- Лесен процес на учење и настава за двата фактори во образованието – наставникот и ученикот.
- Новите реформи имаат големо влијание врз интровертните деца.
- Сега учениците може да учат за технологијата и за друга техничка опрема на практичен начин.
- Старите наставници ќе бидат навреме запознаени со нови и активни иновации од обуките за образование.
- Оценувањето на образованието сега е полесно преку дигитализацијата.
- Новите реформи даваат повеќе насоки за наставата и за учењето.
- Новите реформи ја менуваат улогата на наставникот во наставниот процес, во споредба со минатото, каде што тој имаше главно влијание врз образовниот процес.
- Реформите им овозможуваат на наставниците да имаат обуки со цел да ги зближат Европскиот образовен процес и Болоњскиот систем.
- Учениците имаат можност да го изберат својот омилен предмет (http://zeri.info/aktuale/179437/per-ndryshime-ne-arsim-duhen-veprime-radikale-vleresojne-ekspertet/, 2018).

Со новите реформи и наставни програми, важноста од соработката меѓу родителите и наставниците е посилна отколку во минатото. Сега родителите може да искажат загриженост за своите деца, да предложат промени ако има потреба од нешто што се планира во училиштето. Со новите реформи, косовските училишта може да имаат подобар квалитет во образовниот процес и повеќе знаење за сите науки. Новите реформи им олеснуваат на студентите да експериментираат по предмети од науката. Со новите реформи и техники, нивната примарна компетенција е да стекнат знаење од секој предмет на училиште (MASHT & Instituti Pedagogjik i Kosovës, 2014). Овие промени, исто така, даваат можности за инклузивно образование што се покажа како многу добро за сите деца кои имаат тешкотии во учењето или имаат физичка попреченост. Сите цели на овие реформи и наставни програми одиграа важна улога; нивната кауза во Косово е создавање стабилност во културните односи со минимизирање на омразата меѓу луѓето од различни националности што живеат во Косово и правејќи го многу вредно за зближување на луѓето што живеат и се образуваат во мир (Iljazi, 2015).

## 2.9. УПОТРЕБА НА ТЕХНИКИ, ФОРМИ И ДРУГИ СРЕДСТВА И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВО МЕНАЏИРАЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО

Несомнено, со напредокот на различните технологии, потребата за нивна примена се зголемува и во сферата на образованието, дури оваа сфера се смета за најважна од која напредува земјата, државата и нацијата (Rexhepi, 2015). Во принцип, под поимот техника се подразбира вештината што ја користи наставникот за постигнување успех во образовниот процес. Во споредба со наставната технологија, која е наука од која произлегуваат алатките или овие видови на наставни техники, секако дека се зголемува потребата за подобро информирање за сите фактори вклучени во образованието, а не само за наставниците, бидејќи се зголемуваат и предизвиците за менаџирање на одделението. Преку технологијата, исто така, учениците ја анализираат и ја оценуваат сложената врска меѓу технологијата, поединецот и општеството. Како граѓани, тие се овластени да донесуваат правични судови за прашања поврзани со влијанието на технологијата

врз нивните животи, врз општеството и врз животната средина. Од големата разновидност на наставни техники и технологии кои постоеле и сè уште постојат, се зголемува  желбата за поопширно истражување за тоа што се тие и како се применуваат во практиката. Самите техники помагаат да се стимулира процесот на разбирање и размислување на ученикот, барајќи од него да размислува како лик што се прикажува. Овие техники, исто така, обезбедуваат можности за подобро разбирање од страна на учениците за способноста да бараат во животот, дури и надвор од улогите и позициите што ги уживаат и имаат тенденција да ги одобруваат. Овие техники го надминуваат пасивниот однос на учениците и однесувањата, барајќи свесно учество на учениците во учењето. Овие техники се карактеризираат со активно учество на учениците во учењето, со континуирана контрола над учењето и над самооценувањето преку интеракција со групи ученици или преку акција на одделението како целина (Tamo, 2013).

Меѓутоа, за да се разбере влијанието на компјутерската технологија во образованието, мора да се погледне суштината на нејзината примена во учењето. Во оваа смисла, постојат две главни категории на користење на компјутерот: учење „од“ компјутери и учење „со“ компјутери. Кога учениците учат „од“ компјутери, всушност, компјутерите се наставници. Во ова својство, компјутерската технологија првенствено служи за подобрување на основните знаења и вештини. И покрај тоа, при учењето „со“ компјутерот, учениците ја користат технологијата како алатка што може да се примени за различни цели во процесот на учење (Sylaj, 2010).

За наставникот, наставата се смета за успешна кога:

- Наставникот знае да ги мотивира учениците на часот преку нивно активирање во континуирани активности, организирани во одделението, во групи, парови и индивидуално;
- Кога наставникот знае добро да менаџира со одделението;
- Кога наставникот во текот на часот користи јасна структура, јасен јазик, јасен глас и флуентност;
- Кога наставникот го планира, го управува, го подготвува и добро го организира времето за часот користејќи и избирајќи соодветни методи и техники.

За да биде наставата што е можно поефективна, најголемо значење треба да му се посвети на начинот на зборување, поточно на методите или техниките што

наставникот може да ги користи при реализацијата на наставната единица или при постигнување на целите предвидени за таа проблематика што се обработува во таа наставна тема (Rexhepi, 2015).

Значи, за да има подостоинствен и поблизок пристап со ученикот, наставникот мора да го направи изборот на методите и нивната успешна употреба во зависност од овие параметри:

- целта
- наставниот предмет
- наставниот материјал
- времето
- просторните можности
- личното искуство

### 2.9.1. СОВРЕМЕНИ НАСТАВНИ МЕТОДИ

- Активен метод
- Метод на работа во групи

Активните методи и работата во групи го задржуваат интересот на учениците во центарот на вниманието, поттикнувајќи ја желбата да учат уште повеќе и да дадат најдобри можни резултати во процесот на учење (Rexhepi, 2015).

### 2.9.2. СОВРЕМЕНИ ТЕХНИКИ

Во зависност од наставната единица и од фазата на часот во која се наоѓа наставникот за време на нејзиното предавање, примената на соодветната техника од негова страна несомнено е различна. Во случај на приказни, како нови современи техники се сметаат:

- Читање – резиме во парови
- Структурно резиме
- Вредносна линија (замислена).

Некои од новите техники на развојните единици се:

- Бура на идеи
- Прашања за пребарување
- Активност за читање со водено размислување
- Семафор во боја (Iljazi, 2015).

Како луѓе, сите ние поседуваме способност да решаваме проблеми од различни видови од кои, според Хауард Гарднер, велиме дека е мајсторство на наставникот ако ги најде најдобрите начини да менаџира, прво, со одделението, а потоа со наставниот час, на начин да се опфатат сите ученици во процесот на учење. Затоа, должност на наставникот е да ги почитува овие видови принципи, како што се:

- Структурирање и уредување на одделението на соодветен начин, вклучувајќи ги учениците со различни способности и тенденции, а не само оние што се истакнуваат било во групната работа или во некоја активност;
- Соработка со одделението и со родителите на учениците;
- Успешна комбинација на форми, методи и различни наставни техники.

### 2.9.3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА КООПЕРАТИВНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА

- Плодна групна работа
- Стабилен состав на групата
- Лична одговорност
- Заедничка работа и управување
- Позитивна меѓузависност
- Координација, набљудување и интервенција на наставникот (Kuçi, 2013).

### 2.9.4. ФОРМИ НА НАСТАВНАТА РАБОТА

Иако во вообичаената училишна практика сè уште нашироко се применува формата на фронтална работа, која сега е надвор од мода, таа подразбира класично предавање и како таква не носи добри резултати во процесот на настава и учење, но и негативно влијае врз аспектот на менаџирање на одделението. Затоа, организирањето на формата во групи и парови носи поголеми придобивки за двата клучни фактори на воспитно-образовниот процес: наставникот и ученикот. Следствено, предностите од примената на работата во парови и групи се:

- Учениците имаат повеќе можности за меѓусебна комуникација;
- Учениците се повеќе фокусирани на часовите бидејќи секој има своја задача и одговорност, чија изведба се определува според резултатот на групата;
- Учениците се чувствуваат побезбедни и пооослободени отколку кога ќе бидат прашани пред целото одделение;
- Соработката на учениците меѓу себе се зголемува преку размена на нивните размислувања, идеи и коментари (Kuçi, 2013).

### 2.9.5. ВАЖНОСТА ОД КОРИСТЕЊЕ РАЗЛИЧНИ НАСТАВНИ ТЕХНИКИ, МЕТОДИ И ФОРМИ ВО ПРАВИЛНОТО МЕНАЏИРАЊЕ СО ОДДЕЛЕНИЕТО

Да се биде достоен одделенски водач зависи од многу фактори, и наставни и вонnаставни. Меѓу нив, важна улога има применливоста на мноштвото техники, методи и различни наставни форми во училницата, поточно на часот, знаејќи дека преку нив ученикот станува центар на вниманието и наставата оди од вообичаено традиционалната во современа бидејќи пасивната улога на ученикот се менува во активна улога. Пред сè, се поттикнува инклузивноста на учениците, да учествуваат во групна работа или во различни активности. Колку повеќе се користат техники и повеќе методи на настава, толку повеќе ќе се постигнуваат резултати од учењето за учениците, но и ќе се поттикнува соработката со категоријата родители бидејќи

вклучувањето на учениците во различни видови активности, секако, бара и вклучување на родителите во нив (Rexhepi, 2020).

Затоа, за да се има ефективна настава и учење, се разбира, без употреба на многу наставни методи и техники, не би се постигнале планираните резултати од учењето. Добрите резултати влијаат и на доброто менаџирање со одделението бидејќи сите оние типови правила што важат за употребата на различни техники и методи создаваат позитивни навики за сите ученици, а овие навики несомнено влијаат врз нивната севкупна благосостојба (Rexhepi, 2017).

# ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 3.1. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТЕМАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Прашањето за менаџирање на одделението и на наставните часови сè повеќе се наметнува во воспитно-образовниот процес со учениците за да се дојде до една квалитетна настава и учење во тој процес. Предизвиците со кои денес се соочуваат наставниците, родителите и учениците со големото унапредување и развој на информатичката технологија секој ден се сè поголеми за сите категории наставници, како тие од одделенската настава, така и тие од предметната настава.

Наспроти неодамнешните промени во наставните програми во косовското образование, аспектот на менаџирање и управување со училиштата неопходно стана одраз на достигнувањата на училиштата како целина, а не само на едно одделение. Што поподготвен ќе биде еден менаџер на училиште, толку повеќе успеси ќе има тоа училиште, како од организациски аспект на училишните активности, во и надвор од него, исто така, и во однос на прашањето на оценувањето на учениците.

### 3.2. ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Тргнувајќи од фактот дека училиштето има потреба од раководител – менаџер, исто така и одделението во неговата организациска структура има потреба од менаџер на одделението, да не го наречеме наставник, чија улога денес е да се соочи со разни проблеми започнувајќи од набљудување на амбиентот во одделението, однесувањето на учениците, наставата и самата организациска клима на тоа одделение. Сите овие предизвици директно или индиректно ги засегаат родителите и учениците, потоа новите облици на наставна работа насочена кон ученикот, секако, претставуваат посебни проблеми на наставната работа со

учениците, како на пример, во приспособувањето или во пристапот кон нивната употреба.

Земајќи предвид дека во денешната настава се бара да се работи во групи, проблем сам по себе е организирањето на одделението, од поставување на клупите, редоследот на учениците според психофизичките способности што ги имаат, потоа потребниот приод во информатичката технологија и работата со таква опрема која ги конкретизира наставните единици. Меѓутоа, проблем што исто така претендираме да го истражиме е и менаџирањето на бучавата за време на работата во такви форми на работа, за кои често има предрасуди од наставниците дека тие не може да бидат ефективни бидејќи мислат дека е проблематично менаџирањето на бучавата за време на работата со учениците, потоа недостигот на потребната соработка со родителите на учениците, со општинските и со државните институции. За некои од нив прашањето на недостигот од обуки се оценува како проблем во ефикасноста на работата со современата методологија и приспособувањето кон неа и по предметот Мајчин јазик (албански јазик).

Во редот на проблемите на косовското образование се смета и работата со педагошката документација препорачана од Министерството за образование, која претендираме да ја истражиме во нашето истражување во сите училишта одбрани за оваа докторска дисертација. Затоа, за да го видиме бегството од негативните последици што може да бидат предизвикани од лошото менаџирање на одделението и на наставниот час како проблематика, се стремиме да дојдеме до соодветно третирање на избраното прашање за истражување во неколку училишта во Урошевац и во Гњилане, во Косово, на тема: *„Менаџирањето на одделението и предизвиците во наставата по Мајчин јазик (албански јазик)“* за да ги верификуваме проблемот и предизвиците на менаџирањето на одделението по овој наставен предмет.

## 3.3. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предметот на ова научно истражување се однесува на менаџирањето на одделението со кое се соочуваат денешните наставници, започнувајќи од поставување и реализирање на правилата на одделението, потоа одржување на дисциплината за време на воспитно-образовниот процес, за време на часовите по Мајчин јазик (албански јазик), како и употребата на современите методи и техники во функција на таканаречената современа – модерна настава. Секако, и на сите други облици на работа што овие наставници ги користат за да бидат добри менаџери на своите одделенија за да постигнат најквалитетна настава на своите часови, како и односот на родителите и учениците во однос на употребата на овие методи и техники на работа како добро искуство, како и нивните разлики во советувањето според полот, местото на живеење и степенот на образование.

Потребата од оваа тема на истражување е значајна од самиот факт дека во денешно време наставникот има улога на водач и менаџер на одделението, а не на субјект како што беше порано, за да се дојде до постигнување на предвидените успеси во образовниот процес.

## 3.4. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето на оваа тема има за цел да ги третира објективните предизвици на едно успешно менаџирање со одделението во XXI век, односно квалитетите на еден добар менаџер на одделението и на наставниот час како предуслов за успешна настава и учење, независно од околностите во кои се предава предметот Мајчин јазик (албански јазик), не занемарувајќи ја категоријата родители и ученици, во однос на нивниот пристап кон овие предизвици што ги имаат наставниците во однос на менаџирањето на одделението. Покрај ова, се истакнува и потребата за интеракција и на другите управувачки органи на училиштето со менаџерот на одделението, односно со класните раководители на

начин за да се дојде до соработка на многу фактори во едно одделение како пример за успех.

Меѓу целите на ова истражување ги набројуваме:

- Да се види дали има значителни разлики меѓу училиштата во однос на тешкотиите што ги имаат учениците во приспособувањето кон современата настава за време на часот по Мајчин јазик;

- Да се види дали има значителни разлики според работното искуство поврзани со одржувањето обуки/семинари за методологијата на работа во современата настава по предметот Мајчин јазик;

- Да се види дали има различни големи статистички податоци во однос на мислењата на наставниците за тоа какви придобивки може да има современата настава во работата со учениците во наставата по Мајчин јазик;

- Да се види дали наставниците од двете општини го имаат како предизвик на часот по Мајчин јазик делот од работата на правописот со учениците;

- Да се види дали родителите од двете општини сметаат дека менаџирањето на одделенијата каде што учат нивните деца може да биде уште подобро отколку што е сега;

- Да се види дали има родови разлики меѓу родителите во однос на информациите за иновациите во наставните области што се појавуваат во училиштето;

- Да се види дали има значителни разлики во соработката на родителите со наставникот, со педагогот, со социологот и со психологот;

- Да се види дали има разлики според степенот на образование на родителите во однос на советувањето на децата за воспитно-образовната работа на училиштето;

- Да се види дали учениците од двете општини имаат различни тенденции во областите на наставата по Мајчин јазик (познавање на јазикот, лектира, читање, писмено изразување);

- Да се види дали има значителни разлики според одделенијата во кои се учениците во однос на методите и техниките на работа во групи.

Целта на ова истражување ќе има научен и емпириски приод кон добиените податоци добиени од теоретската интерпретација за време на анкетирањето на наставниците и на учениците како главни опоненти во одделението, но исто така и на родителите.

## 3.5. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Задачите на ова истражување претставуваат една групација на проблеми со кои во целост ќе пристапиме кон научното истражување и од кое претендираме да верифицираме што го прави успешно едно менаџирање, а што го прави неуспешно, како и да дојдеме до едно упатство за наставниците како една форма на поттик за да имаат повеќе доверба, волја и храброст да се соочат со овие работни предизвици.

Затоа, во оваа група задачи ги набројуваме следниве:

- Да се оценат ставовите на наставниците во општините Гњилане и Урошевац за предизвиците од менаџирањето на одделенијата;

- Да се оцени дали се добро информирани наставниците за формите на работа во современата настава;

- Да се оцени дали наставниците имаат потреба за професионални обуки во сферата на работа со нови методи и техники по предметот Мајчин јазик (албански јазик);

- Да се евидентираат развојот и професионалната подготвеност на наставниците;

- Да се анализира педагошката документација што ја употребуваат двете категории наставници во двете општини (годишните, месечните планови и дневните подготовки) што ги прават за нивните наставни часови по предметот Мајчин јазик (албански јазик);

- Да се идентификуваат наставните средства што ги употребуваат наставниците од двата града;

- Да се оценат прирачниците што ги испраќа Министерството за образование за двете општини: Урошевац и Гњилане;

- Да се разгледаат формите на менаџирање со одделенијата меѓу сите одбрани училишта за истражување, а потоа и меѓу двете општини (Гњилане и Урошевац).

### 3.6. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основна хипотеза од која го започнавме овој проект е претпоставката дека еден од главните предизвици на *„Менаџирањето на одделението во наставата по предметот Мајчин јазик (албански јазик)“* е подготовката и несоодветниот степен на школување на наставниот кадар за да ја спроведе задачата како наставник на едно одделение во основно училиште.

**Х1** Постои позитивна корелација меѓу перцепциите на наставниците и на родителите во однос на менаџирањето на одделението и предизвиците во наставата по Мајчин јазик;

**Х2** Постојат значителни разлики во тешкотиите во работата на наставниците со менаџирањето на одделението на часот по Мајчин јазик/албански јазик;

**Х3** Постојат разлики меѓу техниките и методите на часовите што се користат во Гњилане и во Урошевац;

**Х4** Не постојат значајни разлики меѓу училиштата во Гњилане и училиштата во Урошевац во однос на нивното задоволство од соработката со општинските институции (ОУО) со цел да се олесни работата на менаџирањето на одделението;

**Х5** Не постојат значајни разлики меѓу училиштата во однос на тешкотиите што ги имаат учениците во приспособувањето кон современата настава за време на часот по Мајчин јазик;

**Х6** Постојат значителни разлики според работното искуство во врска со одржувањето обуки/семинари за методологијата на работа во современата настава по предметот Мајчин јазик;

**Х7** Претпоставивме дека не постојат различни големи статистички податоци во однос на мислењата на наставниците за тоа какви придобивки може да има современата настава во работата со учениците во наставата по Мајчин јазик;

**Х8** Претпоставивме дека наставниците од двете општини имаат предизвик на часот по Мајчин јазик во делот од работата на правописот со учениците;

**Х9** Претпоставивме дека родителите во двете општини мислат дека менаџирањето на одделенијата каде што учат нивните деца може да биде подобро од тоа што е денес;

**Х10** Постојат полови разлики меѓу родителите во однос на информациите за иновациите во наставните области што се појавуваат во училиштето. Женскиот пол е поинформиран од машкиот пол;

**Х11** Има значителни разлики во соработката на родителите со наставникот, со педагогот, со социологот и со психологот;

**Х12** Постојат разлики според степенот на образование на родителите во однос на советувањето на децата за воспитно-образовната работа на училиштето;

**Х13** Претпоставивме дека учениците од двете општини имаат различни афинитети во областа на наставата по предметот Мајчин јазик (познавање на јазикот, лектира, писмено изразување);

**Х14** Постојат значителни разлики според одделението во кое се учениците во однос на методите и техниките на групна работа.

## 3.7. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во согласност со гореспоменатите задачи и хипотези, како варијабли на ова научно истражување ги имаме следниве:

**Независни варијабли:**

- Мислењето на наставниците околу наставата по предметот Мајчин јазик (албански јазик) и менаџирањето на одделението;

- Литературата и педагошките ресурси за наставата по предметот Мајчин јазик (албански јазик);

- Карактеристики на професионалната подготовка на наставниците во Урошевац и во Гњилане;

- Форми и методи на работа на наставниците во Урошевац и во Гњилане;

- Голема фреквенција на разлики меѓу педагошкиот такт: Гњилане и Урошевац;

- Дидактичко-инфраструктурни услови за работа меѓу училиштата во Гњилане и во Урошевац;

- Приближна статистичка разлика меѓу мислењата на учениците за наставата и за менаџирањето на одделението по предметот Мајчин јазик (албански јазик) во двете групи на училишта во Урошевац и во Гњилане;

- Несоодветна соработка со другите образовни институции, како со општинските, така и со тие на централно ниво во двете општини;

- Недоволен број обуки за наставниците од двата града: Урошевац и Гњилане;

- Тешкотии во работата на постарите наставници во наставата и во менаџирањето на одделението по предметот Мајчин јазик (албански јазик);

- Дисциплина и пречки во менаџирањето.

**Зависни варијабли:**

- Предизвици во менаџирањето на одделението во наставата по предметот Мајчин јазик (албански јазик).

## 3.8. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Примерокот на ова истражување е од квантитативен вид поради фактот што се разликува во природата на истражувањето специфицирајќи ги карактеристиките на двата града – Урошевац и Гњилане. Со ова истражување се опфаќаат наставници, ученици и родители од пет училишта во Гњилане и во Урошевац и од по едно село во двете општини. Поради оваа причина, за собирање информации подготвивме три различни типови прашалници, преку кои ќе бидат презентирани податоците во ова истражување (за категоријата ученици ќе бидат опфатени ученици од III и од V одд.). Одговорите за потребите на нашата студија ќе бидат дадени со номинална скала, која ќе биде оригинална и ќе се состои од податоци што ќе ни помогнат да ги определиме наведените задачи и да ја потврдиме точноста на изнесените хипотези. Прашањата во прашалниците се во три форми: отворена, затворена и комбинирана.

Затоа, овој труд се реализира според следните три фази:

**Прва фаза** – избор на примерок на наставници, родители и ученици во училиштата во Гњилане и во Урошевац, како и определување на времето за да се направи истражувањето и изборот на предвидените методи, техники и инструменти за истражување.

**Втора фаза** – во оваа фаза направивме избор на училишта и на наставници според одделенијата и учениците за да го започнеме истражувањето. Истовремено, во оваа фаза го анализиравме и бројот на избраната популација за истражување.

**Трета фаза** – во оваа финална фаза го дадовме крајниот примерок за двата града, Гњилане и Урошевац, од каде што за да го израмниме бројот на испитаници

на почетокот избравме по едно училиште од село од двата града кои според бројот на ученици се приближни со бројот на ученици во градските училишта, и други училишта кои се во двата града од каде што овој број ќе биде: 5 училишта од Гњилане и 5 училишта од Урошевац, заедно со двете училишта од селата севкупно ќе бидат 12 училишта и тоа:

| | |
|---|---|
| **1.** Основно училиште „Тими Митко“ Гњилане | **2.** Основно училиште „Селами Халаќи“ Гњилане |
| **3.** Основно училиште „Муса Зајми“ Гњилане | **4.** Основно училиште „Зијах Шемсиу“ Гњилане |
| **5.** Основно училиште „Садулах Брестовци“ Гњилане | **6.** Основно училиште „Дешморет е комбит“ Ливоч |

**Табела бр. 5. Училишта во Општина Гњилане**

| | |
|---|---|
| 1. Основно училиште „Ѓон Серечи“ Урошевац | 2. Основно училиште „Тефик Чанга“ Урошевац |
| 3. Основно училиште „Јероним де Рада“ Урошевац | 4. Основно училиште „Везир Јашари“ Урошевац |
| 5. Основно училиште „Ахмет Хоџа“ Урошевац | 6. Основно училиште „Дитурија“ Дарданија – Урошевац |

**Табела бр. 6. Училишта во Општина Урошевац**

Со ова истражување ќе се опфатат 180 наставници од одделенска настава од двете општини – Гњилане и Урошевац (по 90 за секоја општина), кои ќе се категоризираат според:

- Местоположбата на основното училиште
- Возраста

- Должината на работното искуство
- Развојот и професионалната подготвеност (следени обуки)
- Одделенијата со кои работат (III и V).

Дел од истражувањето ќе биде и категоријата ученици, 300 ученици од двата града (по 150 ученици од секој град опфаќајќи ги тука и двете училишта од одбраните села). Исто така, како додаток на податоците во истражувањето, како дел за споредување, ќе биде и еден број од 100 родители (по 50 од двете општини – Гњилане и Урошевац). Оттука, вкупниот број испитаници ќе биде:

- 180 наставници
- 300 ученици
- 100 родители = **580 испитаници**

## 3.9. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Бидејќи со претходните податоци се опфатија и наставниците, родителите и учениците, ќе се користат методот на описна анализа и методот на споредување (компарација) меѓу двата града – Урошевац и Гњилане. Засновајќи се на целта на истражувањето според дадените хипотези, ние ќе употребиме општи и специфични аналитички методи. Употребата на овие методи е многу важна за постигнување знаења, документација, факти, идеи и други аргументи на истражувањето од висок научен квалитет во правец на опишување на резултатите, анализа на карактеристиките на феномените и односите што постојат меѓу нив.

Споменатите методи ќе бидат во состојба да навлезат во проблемот на работа за да се разгледа субјектот на истражувањето што, всушност, е рефлектирање на објективните и на научните резултати.

Ова истражување се заснова на општите дедуктивни методи, како што се:

✓ Дедуктивност – анализа на содржините на истражувањето.

Како се употребени специфичните методи во ова истражување:

○ Метод на теориска анализа: анализа на различна педагошка литература

○ Статистички метод: споредување на училишната документација и факти

○ Метод на компарација: споредување на постигнатите резултати на училиштата каде што се врши истражувањето

○Описен метод: опис на резултатите на крајот од истражувањето, цитирање, парафразирање за време на анкетата.

## 3.10. ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Пред да го започнеме истражувањето, ние ги подготвивме прашалниците за наставниците, за родителите и за учениците, ги пилотиравме инструментите што го определија исполнувањето на критериумите, односно валидноста, веродостојноста и чувствителноста на соодветните инструменти.

**Истражувачки техники:**

• Работа со педагошката документација – анализа на дневни, месечни, годишни планови и различни прирачници што ги користат наставниците во истражуваните училишта во Гњилане и во Урошевац.

**Истражувачки инструменти**

• Протокол за анализа на педагошката документација.

• Прашалници за три категории испитаници: наставници, родители и ученици.

Прашалникот за наставниците содржи вкупно 15 прашања, од кои 7 прашања се поврзани со демографски податоци, додека од другите 8 прашања добивме информации за предизвиците по предметот Мајчин јазик. Прашањата беа дизајнирани од самата истражувачка врз основа на целите и на истражувачките прашања на студијата. Прашањата се релативни, со отворени и со затворени прашања, а причината поради која постојат вaквите прашања е да се добијат подетални податоци од испитаниците.

Прашалникот за родителите има вкупно 7 прашања и од нив 3 прашања се поврзани со демографски податоци, имаме и отворени и затворени прашања за да добиеме подетални податоци од испитаниците.

Прашалникот за учениците има вкупно 5 прашања и 2 од нив се поврзани со демографски податоци, прашањата се исто така отворени и затворени и дизајнирани од истражувачот на ова истражување.

## 3.11. ИСТРАЖУВАЧКА ПРОЦЕДУРА

Најпрво, побаравме дозвола од општинските управи за образование во Гњилане и во Урошевац, а потоа и во училиштата каде што го спроведовме истражувањето. Неодамна од Гњилане добивме усна потврда дека ни овозможува да го спроведеме ова истражување, додека во Урошевац добивме писмена дозвола (пред 1 година), која ја поткрепивме и со фотографии во прилог на трудот. Потоа, на датумите: 11-18 мај 2021 година, истражувањето го спроведовме во училиштата во Гњилане, додека во Урошевац на датумите: 7-14 јуни 2021 година. При реализацијата на ова истражување, предизвиците беа од различен карактер, како што се: двоумење на наставниците да одговорат на прашањата, потоа појаснување на прашањата од прашалниците за анкетираните ученици и родители, за кои се обидовме да најдеме соодветно време и место за завршување на истражувањето и за кои соодветни места беа училниците за учениците и салата за состаноци за родителите во училишните објекти каде што го извршивме истражувањето.

## 3.12. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

Сите резултати од истражувањето се претставени на табеларен и на графички начин, претставувајќи броеви и проценти на двете форми на претставување. Исто така, е направена споредба на сите одговори на наставниците, на учениците и на родителите.

Податоците добиени од анкетата беа обработени статистички, користејќи квантитативни истражувачки техники. Податоците се извлечени од 14 хипотези, од кои 3 хипотези се нула: H4, H5 и H7 и 11 алтернативни хипотези. Во нулта-хипотези преку SPSS е сменето кодирањето, како на пример: одговорот со број 1 стана 3 и обратно, тоа е од причина податоците да ни бидат точни. По кодирањето на податоците по места и по училишта, тие се прикажани емпириски, графички и пропорционално. За да ги анализираме овие хипотези, направивме SPSS-тестови, како што се: корелации, t-тестови и ANOVA-анализа.

Податоците од ова истражување ќе се обработат и според статистичките дејства, како што се: определување процент (%), определување аритметичка средина (X), медијана, фреквенција (f), дистрибуција на емпириска фреквенција (fo), теориска фреквенција (ft), фреквенција на минималните очекувања (min ft), стандардна девијација, тест за параметри, коефициент на Персонова корелација, ANOVA-тестот, како и многу други статистички операции во програмата Excel, MAXQDA и SPSS-верзија 26. Истражувањето е реализирано во периодот мај – јуни 2021 година.

## 3.13. ЕТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Етичките размислувања може да се наведат како еден од најважните делови на истражувањето. Етичките размислувања во истражувањето треба да се водат од збир на принципи што ги водат плановите и практиките на истражувањето. Научниците и истражувачите секогаш мора да се придржуваат до определен кодекс

на однесување кога собираат податоци од луѓето. Затоа, етиката во нашата студија се заснова врз овие принципи:

- Учесниците во истражувањето не смеат да бидат повредени на кој било начин;
- Почитувањето на достоинството на учесниците во истражувањето треба да биде приоритет;
- Мора да се добие целосна согласност од учесниците пред студијата;
- Мора да се обезбеди заштита на приватноста на учесниците во истражувањето;
- Мора да се обезбеди соодветно ниво на доверливост на податоците од истражувањето;
- Мора да се обезбеди анонимност на поединци и организации кои учествуваат во истражувањето;
- Треба да се избегнува секоја измама или претерување во однос на целите на истражувањето;
- Мора да се декларира припадност во која било форма, извори на финансирање, како и секој можен конфликт на интереси;
- Секаков вид комуникација поврзана со истражувањето мора да се прави искрено и транспарентно;
- Треба да се избегнува секаков вид погрешни информации, како и прикажување на наодите од примарните податоци на пристрастен начин.

## ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ

## 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 4.1. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ДЕМОГРАФСКИТЕ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ВО ГЊИЛАНЕ

Во ова поглавје ќе бидат презентирани податоците од истражувањето објавени во двете општини – Гњилане и Урошевац, но првично ќе бидат презентирани демографските податоци за училиштата во двата града каде што го спроведовме истражувањето, почнувајќи од градот Гњилане за категоријата наставници, како што следи:




**Графикон бр. 1. Податоци според полот на наставниците во училиштата од Општина Гњилане**




**Графикон бр. 2. Процент според полот на анкетираните наставници**

Од горенаведените податоци гледаме дека во Општина Гњилане, во училиштата каде што го спроведовме истражувањето, % од женските испитаници е во вредност 72 %, додека кај машките испитаници е 28 %, а што се однесува до пониската застапеност на машкиот род ја наоѓаме во вредност од 0 и најголемата од 6 испитаници.




**Графикон бр. 3. Број на ученици во истражуваните училишта во Гњилане**




**Графикон бр. 4. Процентот на ученици во истражуваните училишта во Гњилане**

Од горенаведените податоци ги гледаме процентот и бројот на ученици во истражуваните училишта во Гњилане. Од она што може да го забележиме, гледаме дека до 15 ученици имаат 26 % од наставниците, поточно 23 од нив, додека над 20 ученици имаат 74 % од наставниците, поточно 67 наставници.

## 4.2. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ДЕМОГРАФСКИТЕ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ВО УРОШЕВАЦ




**Графикон бр. 5. Податоци според полот на наставниците во училиштата во Општина Урошевац**




**Графикон бр. 6. Процент според полот на анкетираните наставници**

Од горенаведените податоци гледаме дека во Општина Урошевац, во училиштата каде што го правевме истражувањето, процентот на женски испитаници е 49 %, додека кај машките е 51 %, додека во однос на најниската застапеност на полот наоѓаме машка вредност од 3 и најголема од 10 испитаници.




| | До 15 ученици | Над 20 ученици |
|---|---|---|
| Series1 | 16 | 74 |

**Графикон бр. 7. Број на ученици во истражуваните училишта во Урошевац**

Од горенаведените податоци го гледаме бројот на ученици што ги имаат наставниците во паралелките, од кои 16 наставници имаат до 15 ученици, додека 74 од нив имаат повеќе од 20 ученици.




**Графикон бр. 8. Процентот на ученици во истражуваните училишта во Урошевац**

Од горенаведените податоци гледаме дека во Општина Гњилане имало и до 15 ученици во паралелки во 26 % од истражуваните паралелки, поточно 23 наставници го имаат овој број на ученици, додека паралелките со повеќе од 20 ученици, како што може да видиме, се 74 % од нив, односно над 67 наставници.

Во Општина Урошевац, од тоа што може да го забележиме, гледаме дека до 15 ученици имаат 18 % од наставниците, поточно 16 од нив, додека над 20 ученици имаат 82 % од наставниците, односно 74 наставници.

## 4.3. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ДЕМОГРАФСКИТЕ НАОДИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ




**Графикон бр. 9. Податоци според полот на родителите во училиштата во Општина Гњилане**

Од горенаведените податоци ги гледаме наодите според полот на родителите во училиштата во Општина Гњилане, каде што повеќе одговориле жени отколку мажи.




**Графикон бр. 10. Процент според полот на родителите во Општина Гњилане**

Како што може да видиме од графиконите и од описните статистики, во Општина Гњилане според полот биле анкетирани 30 % родители од машки пол и 70 % родители од женски пол.




**Графикон бр. 11. Податоци според полот на родителите во училиштата во Општина Урошевац**

Како што може да видиме од графиконите и од описните статистики, во Општина Урошевац според женски пол, бројката излегува дека се вкупно 30 мајки.




**Графикон бр. 12. Процент според полот на родителите во Општина Урошевац**

Како што може да се види од графиконите и од описните статистики, во Општина Урошевац според полот 40 % од родителите биле машки, а 60 % од родителите се женски.

## 4.4. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ




**Графикон бр. 13. Процент според полот на учениците во училиштата во Гњилане**

Од горенаведените податоци гледаме дека во Општина Гњилане процентот на ученички бил 54 %, додека процентот на ученици бил 46 % во шесте истражувани училишта.




**Графикон бр. 14. Процент според полот на учениците во Општина Урошевац**

Од горенаведените податоци гледаме дека во Општина Урошевац процентот на ученички бил 49 %, додека процентот на ученици бил 51 % во шесте истражувани училишта.

## 4.5. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ




**Графикон бр. 15. Степенот на образование на наставниците од I-V одд. во Урошевац**

Од горенаведените податоци го гледаме рангирањето на нивоата на додипломски и магистерски студии на наставниците од машки и од женски пол во Општина Урошевац, од каде што може да видиме дека има повеќе со додипломски отколку со магистерски студии.




**Графикон бр. 16. Процентот на образование на наставниците од I-V одд. во Урошевац**

Од горенаведените податоци ги гледаме процентите според нивоата на образование на додипломски и магистерски студии на наставниците од машки и од женски пол во Општина Урошевац, од кои гледаме дека 47 % се жени со завршени додипломски стидии и 51 % се мажи со завршени додипломски студии, како и 2 % жени со магистерски студии и 0 % мажи со магистерски студии.




**Графикон бр. 17. Степенот на образование на наставниците од I-V одд. во Гњилане**

Од горенаведените податоци го гледаме рангирањето на нивоата на додипломски и магистерски студии на наставниците од машки и од женски род во Општина Гњилане.




**Графикон бр. 18. Процентот на образование на наставниците од I-V одд. во Гњилане**

Од горенаведените податоци ги гледаме процентите според нивоата на образование на додипломски и магистерски студии на наставниците од машки и од женски пол во Општина Гњилане, од кои гледаме дека 68 % се жени со завршени додипломски стидии и 24 % се мажи со завршени додипломски студии, како и 8 % жени со магистерски студии и 0 % мажи со магистерски студии.




| | 0-5 години работно искуство | 6-15 години работно искуство | 16-25 години работно искуство | Над 25 години работно искуство |
|---|---|---|---|---|
| Жени | 21 | 28 | 13 | 4 |
| Мажи | 0 | 9 | 12 | 3 |

**Графикон бр. 19. Работното искуство на наставниците во Општина Гњилане според вредностите: 0-5 години работно искуство, 6-15 години работно искуство и над 25 години работно искуство**

Од горенаведените податоци го гледаме рангирањето на нивоата според работното искуство на наставниците од машки и од женски пол во Општина Гњилане.




| | 0-5 години работно искуство | 6-15 години работно искуство | 16-25 години работно искуство | Над 25 години работно искуство |
|---|---|---|---|---|
| Жени | 8 | 21 | 13 | 4 |
| Мажи | 7 | 16 | 14 | 7 |

**Графикон бр. 20. Работното искуство на наставниците во Општина Урошевац според вредностите: 0-5 години работно искуство, 6-15 години работно искуство и над 25 години работно искуство**

Од горенаведените податоци го гледаме рангирањето на нивоата според работното искуство на наставниците од машки и од женски пол во Општина Урошевац.




| | I | II | III | IV | V |
|---|---|---|---|---|---|
| Девојчиња | 8 | 13 | 17 | 14 | 14 |
| Момчиња | 1 | 5 | 4 | 9 | 5 |

**Графикон бр. 21. Одделенијата со кои работат анкетираните наставници во Гњилане**

Од горенаведените податоци го гледаме рангирањето на нивоата на одделенијата со кои работат наставниците од машки и од женски пол во Општина Гњилане.




| | I | II | III | IV | V |
|---|---|---|---|---|---|
| Девојчиња | 1 | 8 | 21 | 10 | 5 |
| Момчиња | 3 | 12 | 15 | 12 | 3 |

**Графикон бр. 22. Одделенијата со кои работат анкетираните наставници во Урошевац**

Од горенаведените податоци го гледаме рангирањето на нивоата на одделенијата со кои работат наставниците од машки и од женски пол во Општина Урошевац.

**Табела бр. 7. Кромбахова алфа за доверливост на мерните инструменти**

| | Кромбахова алфа | Бр. на мерења |
|---|---|---|
| Наставници | 792 | 8 |
| Родители | 755 | 4 |

Од резултатите од табелата погоре, гледаме дека прашалникот кај наставниците го достигнува степенот на веродостојност a=.79, исто така прашалникот што се применува за родителите го достигнува степенот на веродостојност a=.75.

**Табела бр. 8. Тест на нормалност кај наставниците и кај родителите**

| | Kolmogorov-Smirnov[a] | | | Shapiro-Wilk | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Статистика | df | Sig. | Статистика | Df | Sig. |
| Наставници | .176 | 216 | .000 | .905 | 216 | .000 |
| Родители | .148 | 216 | .000 | .906 | 216 | .000 |

И покрај многуте студии кои покажуваат дека има добра смисла да се започне образованието на детето на неговиот мајчин јазик, вековната традиција на учење на дете на јазик различен од првиот јазик или на настава на првиот јазик на детето има негативно влијание врз него. Оттука наставниците треба да посетуваат семинари и да користат различни методологии за промената на јазикот да не се одрази негативно врз децата.

Од резултатите од нашата студија произлегува дека постојат значителни разлики според работното искуство во врска со одржувањето обуки/семинари за методологијата на работа во современата настава по предметот Мајчин јазик, р = ,000 (p<05). 0-5 години работно искуство има (М=1,00 и Дс=0,00), 6-15 години работно искуство има (М=1,29 и Дс=0,46), 16-25 години работно искуство има (М=2,00 и Дс=0,00 и над 25 години работно искуство има (М-2,00 и Ds=0,00). F-вредноста е 112,01 и со вредност од 0,00 (што е помало од алфа-нивото од 0,05). Тоа значи дека постојат значителни разлики според работното искуство во врска со одржувањето обуки/семинари за методологијата на работа во современата настава по предметот Мајчин јазик.

Прелиминарната студија спроведена од Мата (2014) која имаше за цел да идентификува специфични педагошки идеи и компетенции на ниво на почетни програми за образование на наставници по Мајчин јазик, ја истакна отвореноста на

предметите кон нова перспектива на формирање професионални стандарди за претходна едукација на наставниците по предметот Мајчин јазик.

*Дискусија за хипотезата Х7. Претпоставивме дека не постојат различни големи статистички податоци во однос на мислењата на наставниците за тоа какви придобивки може да има современата настава во работата со учениците во наставата по Мајчин јазик:*

Истражувањата покажуваат дека образованието на мајчин јазик е клучен фактор за инклузија и за квалитетно учење и ги подобрува резултатите од учењето и академските перформанси. Ова е од суштинско значење, особено во основното училиште, за да се избегнат празнините во знаењето и да се зголеми брзината на учењето и на разбирањето.

Од резултатите на нашата студија се чини дека во прашањето забележавте/забележувате некаква корист од современата настава во вашето одделение, доколку одговорот е да, кажете каква корист, податоците не се значајни $p= .091$ ($p>05$). Врз основа на овие резултати велиме дека современата настава нема значајно влијание врз работата со учениците и врз наставата по Мајчин јазик.

Студијата на Езеоколи (2019) ги истражуваше верувањата на родителите, на наставниците и на учениците за употребата и за изучувањето на мајчиниот јазик во избрани средни училишта во областа на локалната самоуправа Акиниеле, во Сојузната држава Ојо, во Нигерија. Техниката на намерно земање примероци беше искористена за да се изберат најмалку 15 образовани родители и 12 наставници од различни предметни области и 20 ученици од секое училиште. Севкупно, учествуваа 211 образовани родители, 195 наставници и 237 ученици на ISS. Резултатите покажуваат дека родителите, наставниците и учениците имаат силно верување дека користењето на мајчиниот јазик за предавање ќе го олесни учењето и ќе го зголеми учеството во наставата. Тие, исто така, веруваат дека изучувањето на мајчиниот јазик како училиштен предмет ќе ги поттикне чувството на идентитет кај учениците и позитивниот став кон нигериската култура. Учениците веруваат дека мајчиниот јазик останува најдобриот јазик за учење. Студијата покажа дека учесниците имаат силни верувања во педагошкото и во социокултурното поле во

образованието. Има позитивна индикација дека главните чинители (родители, наставници и ученици) се подготвени да го прифатат изучувањето на мајчиниот јазик како предмет во основното училиште.

*Дискусија за хипотезата Х8. Претпоставувавме дека наставниците од двете општини имаат предизвик на часот по Мајчин јазик во делот од работата на правописот со учениците:*

Учењето да се зборува на мајчиниот јазик е клучно за целокупниот развој на детето и им користи на учениците на многу начини. Ова со својата култура обезбедува подобар когнитивен развој и помага во учењето други јазици.

Од резултатите на нашата студија произлегува дека постојат значителни разлики меѓу двете општини во однос на предизвиците во часовите по Мајчин јазик, p= ,000 (p<05). Читањето има (М=8,55 и Дс=0,63), правописот има (М=12,60 и Дс=1,35), есејот има (М-15,9 и Дс=0,30). F-вредноста е 349,21 и со вредност од 0,00 (што е помало од алфа-нивото од 0,05). Тоа значи дека постојат значителни разлики во однос на предизвиците на часовите по Мајчин јазик во Општина Гњилане.

Исто така, резултатите покажуваат и дека постојат значителни разлики меѓу двете општини во однос на предизвиците на часовите по Мајчин јазик, p= .04 (p<05). Читањето има (М=8,50 и Дс=0,51), правописот има (М=9,87 и Дс=2,45), есејот има (М-10,56 и Дс=4,35). F-вредноста е 3,21 и со вредност од 0,00 (што е помало од алфа-нивото од 0,05). Тоа значи дека постојат значителни разлики во однос на предизвиците на часовите по Мајчин јазик во Општина Урошевац.

Правиме споредба на нашите резултати со работата на Буриќ (2022), која има за цел да ја испита одржливоста на онлајн наставата користејќи ја апликацијата ZOOM. Истражувањето исклучиво е поврзано со предметот насловен Правопис на мајчиниот јазик. Студијата ги истражува влијанијата на првиот јазик врз механизмите за правопис на англискиот како странски јазик. Анализирани се регистарот на тастатура од пишување правопис на 30 англиски зборови. Количината на двоумење (број на исправки и број на долги паузи во зборовите) беше еднаква кај сите групи учесници, со што не се потврди првата хипотеза.

Интервалите меѓу клучевите меѓу почетокот и римите беа подолги од интервалите во римите.

*Дискусија за хипотезата Х9. Претпоставувавме дека родителите во двете општини сметаат дека менаџирањето на одделението во кое учат нивните деца може да биде уште подобро отколку што е сега*:

За жал, Извештајот за 2019 година покажува дека наставниците во голема мера пријавуваат недостаток на поддршка за професионален развој за подобрување на менаџирањето на одделението. Без оглед на оваа моментална ситуација, постојат едноставни и ефективни пристапи за менаџирање на одделението што може сами да ги примените. Овие пристапи може да ги зголемат просоцијалното однесување на учениците и академскиот ангажман, создавајќи уредна средина за учење.

Од резултатите од нашата студија се чини дека менаџирањето на одделенијата каде што учат децата може да биде уште подобро отколку што е сега, p= .000 (p<05). Задоволително ниво има (M=4,00 и Дс=0,00), несоодветно има (M=5,00 и Дс=00), може да биде уште подобро има (M-7,60 и Дс=1,99). Вредноста на F е 96,9 и со вредност од 0,00 (што е помало од нивото на алфа од 0,05). Тоа значи дека постојат значителни разлики во однос на менаџирањето на одделенијата каде што учат децата во Гњилане.

Резултатите покажуваат и дека менаџирањето на одделенијата во кои учат децата може да биде уште подобро отколку што е сега, p= .000 (p<05). Задоволително ниво има (M=4,00 и Дс=0,00), несоодветно има (M=5,00 и Дс=00), може да биде уште подобро има (M-7,95 и Дс=1,39). F-вредноста е 100,7 и со вредност од 0,00 (што е помало од нивото на алфа од 0,05). Тоа значи дека има значителни разлики во однос на менаџирањето на одделенијата каде што учат децата во Урошевац.

Резултатите од студијата на Cutler et al (2022) покажаа дека организацијата на времето во училницата и активностите во училницата се разликуваат низ одделенијата. Разликите меѓу одделенијата беа особено забележливи во есен. Наодите сугерираат сличности и разлики во организациските модели на одделенијата, како на почетокот на учебната година, така и подоцна. Ова има

тешкотии за тоа како се организираат одделенијата во раното детство за да се олесни учењето на јазикот на децата и ја нагласува важноста од поддршката на наставниците во воспоставувањето организација на одделенијата на почетокот на учебната година. Понатаму, овие резултати ја истакнуваат вредноста на користењето повеќе мерки при истражување на организацијата во одделението.

*Дискусија за хипотезата Х10. Постојат полови разлики меѓу родителите во однос на информациите за иновациите во наставните области што се појавуваат во училиштето. Женскиот род е поинформиран од машкиот.*

Како што родителите започнуваа нова нормалност на учење кај своите деца за време на карантин, исто така, тие мораа да ја балансираат работата од дома. Во ова време, училиштата мораа да соработуваат со родителите на нови начини за да го поддржат учењето на далечина. За време на тековната пандемија, комуникацијата со сите засегнати страни беше од суштинско значење за јасност, цел и насока. Повеќето области избраа да ги фокусираат своите напори за комуникација на нивните веб-страници. На пример, унифицираниот училиштен округ Лонг Бич им обезбеди на родителите адреси на YouTube. Некои училишта воспоставија директни врски преку Родителското стебло за повици, ParentSquare или други апликации и социјални медиуми. Имањето сигурен медиум за објавување ажурирани информации им помага на родителите да останат информирани и го намалува бројот на соодветни повици во областа.

Од резултатите на нашата студија може да се види дека жените достигнуваат просек од M=1,06, додека мажите имаат просек од M=1,88. Стандардната девијација кај жените е Ds=0,24, додека кај мажите е Ds= 0,32 и просечната стандардна грешка кај жените е Gs=0,03 и кај мажите е Gs= 0,05. Значењето е 0.000. p<0,05 на ниво на значајност 0,05. Од ова може да се каже дека постојат значителни родови разлики во однос на информациите за иновациите во областа на наставата што се појавуваат во училиштето.

Студијата на Греам (2020) претставува приказ на низа опции за комуникација достапни за родителите, за информирање за новините во училиштето. Некои од овие практични предлози може да изгледаат многу

едноставни за оние кои веќе активно ја промовираат вклученоста на родителите, но за жал, многу наставници не се обучени ниту практикуваат проактивна комуникација со родителите.

*Дискусија за хипотезата Х11. Има значителни разлики во соработката на родителите со наставниците, со педагозите, со социолозите и со психолозите.*

Најголем дел од истражувањата за соработката на родителите, наставниците, педагозите, социолозите и психолозите се фокусирани на можностите на родителите да учествуваат во училишниот живот, но малку е познато што мислат наставниците за таквата соработка и како нерамнотежата на моќта и на власта во соработката родител – наставник влијае врз професионалноста на наставниците.

Од резултатите на нашето истражување произлегува дека постојат значителни разлики во однос на соработката на родителите со наставникот, со педагогот, со социологот и со психологот, p= .004 (p<05). Соработката со наставникот има (М=4,19 и Дс=3,04), соработката со педагогот има (М=3,21 и Дс=2,09), соработката со социологот има (М-3,90 и Дс=1,37) и соработката со психологот има ( М-5,38 и Ds=2,06). F-вредноста е 4,59 и со вредност од 0,04 (што е помало од алфа нивото од 0,05). Тоа значи дека постојат значителни разлики во однос на соработката на родителите со наставниците, со педагозите, со социолозите и со психолозите.

Слични резултати наоѓаме во квалитативното истражување на Hannon & O'Donnell (2020) каде што наставниците и родителите беа интервјуирани постојано во текот на осум месеци, спроведувајќи вкупно 97 интервјуа. Наставниците рефлектираа стереотипни ставови за луѓето кои живеат во сиромаштија, факт што родителите го разбраа. Некои родители одговориле со обиди да остават добар впечаток. Повеќето родители реагираа дефанзивно или насилно, вознемирувајќи ги наставниците. Сите наставници имаа средби со многу емоции со родителите. Во отсуство на емоционална обука, наставниците усвоија различни стратегии за справување. Една ориентација и обука за социјална правда во емоционалната сфера и обука во почетното образование на наставниците може подобро да ги подготви

наставниците за партнерството семејство – училиште. Ги идентификуваме тешкотиите од студијата за почетното образование на наставниците и за континуираниот професионален развој на наставниците. Конечно, нудиме препораки за идни истражувања во оваа област.

*Дискусија за хипотезата Х12. Постојат разлики според степенот на образование на родителите во однос на советувањето на детето за воспитно-образовната работа на училиштето.*

Иако повеќето структурирани активности за учење се одвиваат во рамките на училиштето, тоа не значи дека родителите треба да имаат пасивна улога во советувањето на своите деца за воспитно-образовната работа на училиштето. Родителите може да ги охрабрат, да ги мотивираат, па дури и да влијаат врз своите деца да напредуваат подобро на училиште. Родителите треба да имаат активно учество во училиштето на своите деца. Тие треба да бидат свесни за тоа како нивното дете напредува на училиште. Онлајн порталите за оценување, листите со извештаи и извештаите за напредокот во училиштето им овозможуваат на родителите прилично добар преглед на учинокот на учениците – оценките, присуството, однесувањето и евалуацијата на наставниците.

Од нашите резултати гледаме дека постојат значителни разлики според степенот на образование на родителите во однос на советувањето на децата за воспитно-образовната работа на училиштето, р= .012 (p<05). Основното образование има (М=1,00 и Дс=0,00), средното има (М=1,56 и Дс=0,89), високото има (1,53 и Дс=0,88). F-вредноста е 4,61 и со вредност од 0,012 (што е помало од алфа-нивото од 0,05). Тоа значи дека постојат битни разлики според степенот на образование на родителите во однос на советувањето на детето за воспитно-образовната работа на училиштето.

Во студијата на Walker (2017) беа собрани квантитативни податоци од 250 родители и 28 наставници за ефективноста на родителското советување за учениците од IV до VIII одделение. За да се утврди дали има значителни разлики според степенот на образование на родителите во однос на советувањето на детето за воспитно-образовната работа на училиштето, се користеше т-тест. Резултатите

покажаа дека постои статистички значајна разлика (f < .001) меѓу степенот на образование на родителите во однос на советувањето на детето за воспитно-образовната работа на училиштето. Проектот за наставна програма и развој/материјали за обука беше развиен за да им помогне на наставниците во училиштата да развијат стратегии за зголемување на вклученоста на родителите и на учениците во постигнувањата.

*Дискусија за хипотезата X13. Претпоставивме дека учениците од двете општини имаат различни тенденции во областите на наставата по Мајчин јазик (познавање на јазикот, читање, писмено изразување);*

Во литературата за двојазичната настава постојат различни перспективи за и против употребата на првиот јазик (L1) во одделенијата на англискиот јазик како странски јазик (EFL). Тековно прашање за дебата е дали L1 придонесува или го исклучува учењето на вториот јазик (L2). На оваа тема се направени бројни студии, но не постои јасен консензус за тоа дали L1 треба да се забрани или да се дозволи негово вклучување на часовите по говорен јазик.

Од резултатите на нашето истражување гледаме дека најголем дел од учениците, 42 % во училиштата во Гњилане, имаат тенденција за знаења во областа читање и лектира, 32 % имаат тенденција за јазик и граматика и 26 % за изразување (писмено и усно). Од резултатите гледаме и дека мнозинството ученици, 49,2 % во училиштата во Урошевац, имаат тенденција за знаења во областа читање и лектира, 20,8 % имаат тенденција за јазик и граматика и 30,1 % за изразување (писмено и усно).

Резултатите од студијата на Koeiman et al (2022) покажуваат дека мајчиниот јазик на децата зазема силна позиција и во когнитивно-лингвистичките претходници на учењето да читаат и во резултатите од читањето со разбирање. Севкупно, беа пронајдени повисоки резултати за предиктор на *папиаменто* и за читање со разбирање на *папиаменто*. Сепак, декодирањето на зборовите кај децата, главно, беше повисоко на холандски. Фонолошката свест и брзото именување предвидуваа декодирање на зборовите на папиаменто, речникот, фонолошката свест и брзото именување, а опфатот на зборовите предвидуваше

декодирање на холандски јазик. Декодирањето на зборовите предвидуваше читање со разбирање на папиаменто, а граматиката предвидуваше разбирање со читање на холандски. Имаше докази за лингвистичка меѓузависност за декодирање и за читање со разбирање меѓу јазиците.

*Дискусија за хипотезата X14. Постојат важни разлики според одделението во кое се учениците во однос на методите и техниките на групна работа.*

Засновано, главно, на социокултурните теории за учење на Виготски, кооперативното учење може да биде моќна стратегија во училницата. Групната работа може да им помогне на учениците да ги откријат и да ги решат празнините и недоразбирањата во знаењето, дополнително развивајќи ги нивните концептуални рамки додека ги подобруваат своите вештини за јавно расудување и тимски. На овој начин, групната работа ги ослободува инструкторите да ги предизвикаат учениците на повисоки нивоа на размислување, наместо на импровизација. Поспособните или поупатените ученици може да дадат примери за своите врсници во оваа поставка за да го унапредат учењето.

Од резултатите на нашето истражување гледаме дека има значителни разлики според одделението во кое се учениците со областите на мајчиниот јазик каде што се подобри, p= ,000 (p<05). III одделение има (M=1,70 и Ds=4,60), IV одделение има (M=1,53 и Ds=0,50), V одделение има (2,41 и Ds=0,49). F-вредноста е 47,93 и со вредност од 0,000 (што е помало од алфа-нивото од 0,05). Тоа значи дека има значителни разлики според одделението во кое се учениците во однос на областите на мајчиниот јазик каде што се подобри.

Студијата на Tanveer (2008) има за цел да обезбеди увид во стратегиите поврзани со наставата за да се утврди која стратегија за студентска организација најдобро функционира според одделението во кое се учениците. Бидејќи учениците се различни, различно е и нивното учење, затоа е важно наставниците не само да ги оценуваат методите и техниките на работа во групи, туку и да ги разликуваат ситуациите во кои секоја е посоодветна.

## ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 6.1. ЗАКЛУЧОЦИ

Истражувањето опфати 12 училишта од две општини во Косово: Урошевац и Гњилане, вклучително и по едно селско училиште од секоја општина. Бројот на испитаници беше: 180 наставници (по 90 за секој град), 300 ученици (по 150 за секоја општина) и 100 родители (по 50 за двете општини), вкупно 580 испитаници. Во согласност со резултатите од истражувањето, ги потврдивме хипотезите од истражувањето направено во 6 училишта од Општина Гњилане и во 6 од Општина Урошевац и тоа: врз основа на наодите од оваа студија, заклучуваме дека перцепциите на наставниците имаат негативна линеарна врска со перцепциите на родителите. Од ова велиме дека не постои значајна врска меѓу двете варијабли. Исто така, заклучуваме дека постојат значителни разлики во варијаблата *тешкотии во работата на наставниците со менаџирањето на одделението на часовите по Мајчин јазик/албански јазик*. Тоа значи дека не постои статистички значајна разлика меѓу тешкотиите во работата на наставниците со менаџирањето на одделението на часовите по Мајчин јазик/албански јазик.

Од резултатите од нашето истражување заклучуваме дека постојат значителни разлики во варијабилните разлики меѓу техниките и методите на менаџирање со одделението што се користат во Гњилане и во Урошевац, исто така, постојат значителни разлики меѓу училиштата во Општина Гњилане и во Општина Урошевац во однос на нивното задоволство од соработката со општинските институции. Од резултатите, исто така, заклучуваме дека постојат значителни разлики меѓу општините во однос на тешкотиите што ги имаат учениците во приспособувањето кон современата настава за време на часот по Мајчин јазик во Гњилане и во Урошевац. Исто така, постојат значителни разлики според работното искуство поврзано со одржувањето обуки/семинари за методологијата на работа во современата настава по предметот Мајчин јазик.

Резултатите ни покажуваат дека во прашањето дали забележавте/забележувате каква било корист од современата настава во вашето одделение, доколку одговорот е да, кажете каква корист, податоците не се значајни, p= .091 (p>05). Врз основа на овие резултати велиме дека современата настава нема значајно влијание врз работата со учениците и врз наставата по Мајчин јазик. Од резултатите, исто така, заклучуваме дека постојат значителни разлики меѓу двете општини во однос на предизвиците на часот по Мајчин јазик. Тоа значи дека постојат значителни разлики во однос на предизвиците на часовите по Мајчин јазик во Општина Гњилане и во Општина Урошевац. Од резултатите од нашата студија заклучуваме дека менаџирањето со одделението во кое учат децата може да биде уште подобро отколку што е сега, така што постојат значителни разлики во однос на менаџирањето со одделението каде што учат децата во Гњилане и во Урошевац. Од резултатите на нашата студија, исто така, заклучуваме дека постојат значителни родови разлики во однос на информациите за иновациите во областа на наставата што се појавуваат во училиштето.

Од нашата студија доаѓаме до заклучок дека постојат значителни разлики во однос на соработката на родителите со наставникот, со педагогот, со социологот и со психологот. Исто така, од резултатите заклучуваме дека постојат значителни разлики според степенот на образование на родителите во однос на советувањето на децата за воспитно-образовната работа на училиштето.

Од резултатите заклучуваме дека мнозинството ученици, 42 % во училиштата во Гњилане, имаат склоност за знаење во читање и лектира, 32 % имаат склоност за јазик и граматика, а 26 % за изразување (писмено и усно). Од резултатите гледаме и дека мнозинството ученици, 49,2 % во училиштата во Урошевац, имаат склоност за знаење во читање и лектира, 20,8 % имаат склоност за јазик и граматика, а 30,1 % за изразување (писмено и усно). Исто така, од резултатите констатираме дека има значителни разлики според одделението во кое се учениците во однос на областите на предметот Мајчин јазик каде што се подобри.

## 6.2. ПРЕПОРАКИ

Врз основа на податоците собрани од различни литературни и истражувачки резултати, го препорачуваме следново:

- Владата на Косово, во соработка со своите општини, да посвети поголемо внимание на аспектот на создавање најдобри инфраструктурни услови во училиштата на Косово, и во основните и во средните (ниски и високи).

- Општинските власти на двата града да им обезбедат на наставниците различни обуки за менаџирање на одделението и на наставните часови.

- Да се зголеми соработката на училиштата меѓу себе за да се постигне подобар пристап во наставата по Мајчин јазик/албански јазик и во менаџирањето на одделенијата.

- Различни професионалци да организираат дебати и различни форми на помош за овие наставници, со цел да ги мотивираат за работа.

- Училишната програма треба да содржи индивидуален план не само за учениците со тешкотии во учењето туку и за надарените ученици, со цел наставниците да имаат насоки како да менаџираат со овие две категории ученици.

– Да се смени Законот за пари – предвремено пензионирање за категоријата постари наставници, со цел да се подобри квалитетот на образованието.

- Да се одржат јавни предавања или обуки за информирање на родителите за новите промени во образованието и каква да биде соработка со училиштето.

- Да се организираат чести класни часови од страна на наставниците за да може учениците да ги зајакнат своите вештини и способности и да придонесат во процесот на менаџирање на одделението заедно со своите наставници.

## 6.3. ЛИТЕРАТУРА


Adili, B. (2016). *Use of demonstration and illustration as a teaching method in primary education.* Philosophica Journal.

Aktas, Z. (2011). *Përkrahja e Kompetencave Ndërkulturore.* Zurich: International Projects in Education.

Aliu, X. (2012). *Si të Bëhesh Mësimdhënës i Suksesshëm.* Prishtinë: Shkëndija.

Autoriteti Kombëtar i Kualifikimeve. (2011). *Sigurimi i cilësisë në Institucionet e Arsimit dhe Aftësimit Profesional.* Prishtinë.

Azvesolli, S. (1965). *Probleme të Punës Mësimore Edukative në Shkollë.* Tiranë: Biblioteka Mësuesi.

Baumrind, D. (1971). *Current patterns of parental authorit.* SHBA.

Bërdynaj, J. (2017). *Punim Diplome: Menaxhimi i klasës dhe Disiplina.* Gjakovë.

Buric, M. (2022). *Sustainability of Online Teaching: The Case Study MotherTongue Spelling Course at Montenegrin Universities.*

Cutler et al. (2022). *Patterns of Classroom Organization in Classrooms Where Children Exhibit Higher and Lower Language Gains.*

Dervordeli, J. (2013). *Orientimi Profesional.* Eturia: Prishtinë.

Dongre, V. (2014). *What are the challenges faced by teachers in the 21st century and hoë should we tackle them?*

Egbereg, H. (2020). *Teachers' views on effective classroom management: a mixed*-methods *investigation in Western Australian high schools.*

Ezeokoli, O. (2019). *Parents', Teachers' and Students' Beliefs about the Use and Study of Mother-tongue in the Secondary Schools in Akinyele Local Government Area, Oyo State, Nigeria.*

Giacomini, L. (2015). *Teaching Techniques.* English Teaching FORUM.

Graham, S. (2020). *Communicating ëith Parents: Strategies for Teachers.*

Grossman, H. (1995). *Menaxhimi i Sjelljes në Klasë.* SHBA: Rowman.

Grup autorësh. (2003). *Kurrikula, bazat, Parimet dhe problemet.* Tiranë: ISP.

Grup autorësh. (2003). *Metodologji të Mësimdhënies dhe Mësimnxënie.* Shkup: Vinsent Grafika.

Grup autorësh. (2006). *Strategji të Mësimdhënies dhe të të të Nxënit për Klasat Mendimtare.* Tiranë: CDE.

Grup autorësh. (2011). *Krijimi i Mjedisit të të Nxënit për Shekullin XXI.* Shkup: Libraria Universitare Kombëtare “Shën Kliment Ohridski".

Grup Autorësh. (2012). *Doracak për Këshillin Drejtues të Shkollës.* Prishtinë: Basic Education Project, BEP.

Grup autorësh. (2012). *Mësimdhënia dhe të Nxënit.* Tiranë.

Haliti, S. (2007). *Në kërkim të Pedagogjisë Reformuese.* Gjilan: Kurora.

Hannon, L., & O'Donnell, G. (2020). *Teachers, parents, and family-school partnerships: emotions, experiences, and advocacy*.

Iljazi, A. (2015). *Shkolla si Pjesë Pjesëmarrëse në Rajon.* Revista Philosophica.

Koeiman et al. (2022). *Learning to read in mother tongue or foreign language: Comparing Papiamento-Dutch reading skills in the post-colonial Dutch Caribbean.*

Kraja, M. (2006). *Pedagogjia, Mileniumi i Ri, Tiranë.* Tiranë.

Kuçi, S. (2013), *Mësimdhënia dhe mësimnxënia bashkëkohore*, Prizren: Berati

Lääne, S. (2020). *EDUCATION, LOCAL GOVERNMENTS AND THEIR ASSOCIATION: THE CASE OF ESTONIA.*

Larsen, K. (2016). *The Impact of ICT on Tertiary Education.* Sllovaki: SKAP Journal.

Lila, A. (2017). *Ndërtimi i Sistemit Efektiv për Vlerësimin e Performancës së Mësimdhënësve.* Prishtinë: Qendra për Arsimin e Kosovës (KEC).

MASHT & Instituti Pedagogjik i Kosovës. (2014). *Standardet për Shkollat Mike për Fëmijë.* Prishtinë

Mata, L. (2014). *Pedagogical Competencies for Mother-Tongue Teacher Education.*

Mathewos, A. (2018). *Challenges that Affect Learners' Attitude towards Mother Tongue Instruction in tëo Selected Lower Primary Schools of Wolaita Zone in SNNPR, Ethiopia.*

Maxhado, J. (2018, 07 12). *Develop 21st Century Learning Environments*, f. https://creativeeducator.tech4learning.com/v09/articles/Developing_21st_Century_Learning_Environments.

Mehmedi, L. (2017). *Reformimi i Shkollave Fillore në Republikën e Maqedonisë.* Tetovë: Universiteti Shtetëror i Tetovës.

Memedi, B. (2014). *Vështirësitë në të mësuar tek nxënësit të përfshirë në sistemin e rregullt arsimor.* Tetovë: Arbëria Design.

Mujis, D. (2011). *Effective Teaching, Sag Publications.* London.

Mujiz, D. (2007). *Të Mësuarit Efektiv*. London: Sage Publications.

Murati, X. (2005). *Ndryshimi i Arsimtarit dhe Ndryshimet në Shkollë.* Tetovë.

Murati, X. (2016). *Zhvillimi Profesional i Arsimtarit.* Shkup: Revista Mësuesi.

Musai, B. (1999). *Psikologji Edukimi*. Tiranë: Universiteti i Tiranës.

Musai, B. (2003). *Diskutimi dhe të nxënët në bashkëpunim.* Tiranë.

Nauman, A. (2020). *Comparative Study of Classroom Management Strategies employed by Public and Private School English Language Teachers.*

Neziri, M. (2016). *Studding Curricular opportunities that promote critical thinking on text books of Albanian language.* Tetovë.

Prodanoviq, T. (1976). *Didaktika, Enti i Teksteve dhe i Mjeteve Mësimore.* Prishtinë.

Pupovci, D. (2011). *Mjetet për Planifikim në Arsim.* EU Education Sëap Project.

Rabadi, S. (2007). *Principles of Outstanding Classroom Management.* SHBA.

Rexhepagiq, J. (2002). *Tema të Zgjedhura dhe Bashkëkohore Pedagogjike.* Prishtinë: Universiteti i Prishtinës.

Rexhepi, B. (2017). *Teacher's Commitment and Duties towards their work.* Lambert Academic Publishing.

Rexhepi, B. (2018, 11 07). Atributet e mësimdhënësit bashkëkohor. fv. https://www.portalishkollor.al/neës/atributet-e-mesimdhenesit-bashkekohor.

Rexhepi, B. (2015), *Roli i metodave dhe Teknikave bashkëkohore në Përsosjen e Mësimdhënësve.* Revista Philosophica

Scarlet, G. (2006). *History of Classoom Menagment, Thinking Journal.* Neë York.

Sears, W. (2016). *Libri i Disiplinës.* Tiranë: Botart.

Soleimani, N., & Razmjoo, A. (2016). *Classroom Management Challenges: An Account of EFL Teachers at Private Language Institutes.*

Statovci, S. (2016). *Menaxhimi i Shkollës në Arsimin e Mesëm në Kosovë, Instituti Pedagogjik i Kosovës.* Prishtinë.

Stevart, T. (2003). *Pasuria e Diturisë, Brennan.* New York.

Sylaj, S. (2010). *Edukimi Qytetar me Metodologjinë e Mësimdhënies.* Prishtinë.

Sylaj, S. (2010). *Edukimi Qytetar me Metodologjinë e Mësimdhënies.* Prishtinë: Universiteti i Prishtinës.

Tamo, A. (2005). *Mësimdhënia dhe të Nxënit.* Tiranë.

Tanveer, A. (2008). *Beaconhouse National University.*

Teaching Strategies. (2018, 11 07). fv. https://citl.indiana.edu/teaching-resources/teaching-strategies.

Trandafili, G. (2008). *Metodologji dhe Veprimtari, Të menduarit Kritik dhe Struktura.* Tiranë: Universiteti i Tiranës.

Walker, N. (2017). *Parents' and Teachers' Perspectives Regarding Parental Involvement and Student Achievement.*

Zeneli, I. (2003). *Bazat e standardizimit dhe vlerësimit në arsim,.* Prishtinë: Libri shkollor.

Zimmemanrn, F. (2016). *Co-funded by Tempus Programme of the European Union.*

Zylfiu, N. (2011). *Teoria e Mësimit dhe Proceset Didaktike të Mësimdhënies.* Prishtinë: Kolegji Fami.

*http://www.britannica-elt.com/mesimi-nga-eksperienca-eshte-me-efektiv-se-mesimi-pas* (Пребарано на 23.8.2021)

*http://www.bobbijokenyon.com/crm/AEU_classroom_management.pdf*

(Пребарано на 24.8.2021)

*http://faculty.weber.edu/psaunders/ed3780/3780bookpartI.09.06.pdf*

(Пребарано на 25.8.2021)

*http://www.portalishkollor.al/kuriozitet/mesimdhenia-eshte-art-dhe-te-tille-e-ben-vetem-mesuesi* (Пребарано на 26.8.2021)

http://citeseerx.ist.psu.edu/viewdoc/download?doi=10.1.1.892.6560&rep=rep1&type=pdf (Пребарано на 27.8.2021)

http://greenschoolprishtine.weebly.com (Пребарано на 28.8.2021)

http://masht.rks-gov.net/publikimet (Пребарано на 29.8.2021)

http://www.doktoratura.unitir.edu.al/tag/doktoratura-arlinda-beka. (2018, 16.7.) Punimi i doktoraturës (Пребарано на 30.8.2021)

http://www.forumishqiptar.com/threads/136964-Menaxhimi-i-klasës-sipas-standarteve-pedagogji. (Пребарано на 1.9.2021)

http://www.mei-ks.net/repository/docs/1Material_Diskutimi16102012.pdf

(Пребарано на 2.9.2021)

http://zeri.info/aktuale/179437/per-ndryshime-ne-arsim-duhen-veprime-radikale-vleresojne-ekspertet/ (Пребарано на 3.9.2021)

https://cio.pcworld.al/a-mundet-teknologjia-te-ndihmoje-mesuesit-te-shpjegojne-dhe-nxenesit-te-kuptojne/ (2018, 7.13.) *A mundet teknologjia të ndihmojë mësuesit të shpjegojnë dhe nxënësit të kuptojnë?*, fv. https://cio.pcëorld.al/a-mundet-teknologjia-te-ndihmoje-mesuesit-te-shpjegojne-dhe-nxenesit-te-kuptojne/ (Пребарано на 4.9.2021)

https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ724887.pdf (Пребарано на 20.8.2021)

https://www.slideshare.net/.../qverisja-dhe-udhheqja-n-arsim (Пребарано на 22.7.2021)

http://education.gov.gy/web/index.php/teachers/tips-for-teaching/item/2045-factors-affecting-classroom-management (Пребарано на 25.6.2021)

http://edukimi.uni-gjk.org/upload/dokumentet/91141-Erza%20Gjikolli%20-%20Punim%20diplome.pdf (Пребарано на 22.6.2021)

http://jan.ucc.nau.edu/jde7/ese425/eco/optional/organizer.html (Пребарано на 27.6.2021)

http://naimbabaj67.weebly.com/meumlsimdheumlnia-bashkeumlkohore.ht

(Пребарано на 26.6.2021)

http://sens-public.org/article667.html?lang=fr (Пребарано на 26.6.2021)

http://wwww.doktoratura.unitir.edu.al/wp-content/uploads/2015/11/Doktoratura-Anita-Muho-Fakulteti-i-Shkencave-Sociale-Departamenti-i-Psikologji-Pedagogjise.pdf

(Пребарано на 23.6.2021)

http://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/Krijimi_i_mjedisit_p%C3%ABr_t%C3%AB_nx%C3%ABnit_p%C3%ABr_shekullin_XXI.pdf (Пребарано на 26.6.2021)

https://prezi.com/chasuq_dgdtd/tema-mesimdhenia-tradicionale-dhe-mesimdhenia-bashkekohor/

(Пребарано на 26.6.2021)

https://www.google.com/search?q=mesimdhenia+bashkekohore&rlz=1C1GCEA_enXK803XK803&oq=mesimdhenia+bashkekohor&aqs=chrome.0.0j69i57.5706j0j7&sourceid=chrome&ie=UTF-8 (Пребарано на 28.6.2021)

https://www.google.com/search?rlz=1C1GGRV_enXK751XK751&tbm=isch&q=doracak+te+mesimdhenies&chips=q:doracak+te+mesimdhenies,online_chips:bashk%C3%ABkohore&sa=X&ved=0ahUKEwjQm6Oy_OfbAhËMJSëKHYnADiAQ4lYIJigC&biw=1366&bih=662&dpr=1

(Пребарано на 22.6.2021)

http://www.doktoratura.unitir.edu.al/wp-content/uploads/2013/11/Doctoratura-Alma-Muharremi-Fakulteti-i-Shkencave-Sociale-Departamenti-Psikologji-Pedagogjise.pdf
(Пребарано на 23.6.2021)

http://www.teachersofindia.org/en/classroom-resource (Пребарано на 27.6.2021)

https://cirt.gcu.edu/teaching3/tips/groupwork (Пребарано на 24.6.2021)

https://ipkmasht.rks-gov.net/wp-content/uploads/2015/11/Roli-i-pedagogut-n%C3%AB-planifikimin-e-m%C3%ABsimit.pdf (Пребарано на 26.6.2021)

https://magdalenakrpina.com/the-teachers-planner/ (Пребарано на 27.6.2021)

https://oere.oise.utoronto.ca/wpcontent/uploads/2014/06/RideoutWindle2010PCI_ResearcherApproved.pdf (Пребарано на 25.6.2021)

https://www.slideshare.net/anidaago/prezantim (Пребарано на 20.6.2021)

https://www.slideshare.net/aurelaelmasllari/metodologjia (Пребарано на 20.6.2021)

# ПРИЛОЗИ

## ПРАШАЛНИК

Почитувани наставници,

Со овој прашалник сакаме да ја потврдиме состојбата во практиката на „Менаџирањето на одделението и неговите предизвици во наставата по Мајчин јазик“ во основните училишта во Гњилане и во Урошевац.

Прашалникот е анонимен.

Прашалникот ќе се употреби само за целите на истражувањето, односно на докторската теза.

Чест ни е што имаме можност да работиме со вас.

Ви благодарам за соработката!

Со почит,

м-р Бесјана Реџепи

## I. Општи информации

**1. Училиште**:

**2. Пол** М Ж

**3. Вид на образование:**

**4. Работите во:**

а) Урошевац

б) Гњилане

в) Дарданија

г) Ливоч

**5. Колку долго работите во образование:**

а) 0-5 години

б) 6-15 години

в) 16-25 години

г) Повеќе од 25 години

**6. Со кое одделение работите моментално?**

а) I

б) II

в) III

г) IV

д) V

**7. Колку ученици имате во одделението?**

а) 15

б) Над 20

8. **Кои се тешкотиите во вашата работа со менаџирањето на одделението на часовите по Мајчин јазик/албански јазик?**

а) Подготовка на наставните планови и програми

б) Тешкотии во реализирањето на техниките и наставните методи

в) Тешкотии во менаџирањето со времето

г) Друго

| |
|---|
| |
| |
| |

9. **Кои се техниките/методите што ги употребувате во вашето одделение за време на часот по Мајчин јазик?**

а) Бура на идеи/Brain Storming

б) Кластер/Claster

в) ДРТА

г) Знам, сакам да знам, научив/Know,Want to Know, Learnt

д) Мрежа на дискусии/Circle Discussion

ѓ) Ниедна/None of them

е) Друго/Other:

| |
|---|
| |

| |
|---|
| |

10. **Колку сте задоволни од соработката со општинските институции како олеснување на вашата работа околу менаџирањето на одделениеto?**

а) Соработката е на ниво

б) Има потреба од подобрување

в) Друго

| |
|---|
| |
| |
| |

11. **Колку учениците имаат тешкотии во приспособувањето кон современата настава за време на часот по Мајчин јазик?**

а) Малку

б) Многу

в) Друго

| |
|---|
| |
| |
| |

12. **Дали употребувате информатички извори за работа во менаџирањето на одделението по предметот Мајчин јазик, доколку одговорот е да, набројте кои видови?**

а) Да

| |
|---|
| |
| |

б) Не

**13.** **Дали сте следеле обуки/семинари за методологија на современата настава по предметот Мајчин јазик, доколку одговорот е да, колку (заокружете го бројот)?**

а) Да **(1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10)**

б) Не

**14.** **Сте забележале/забележувате корист од современата настава во вашето одделение, доколку одговорот е да, наведете каква корист?**

**а) Да**

| |
|---|
| |
| |

**б) Не**

15. **Дали наидувате на некој друг предизвик во менаџирањето на одделението во современата настава по предметот Мајчин јазик?**

**а) Да (Кои се тие предизвици?)**

| |
|---|
| |
| |
| |

**б) Не**

# ПРАШАЛНИК

Почитувани родители,

Со овој прашалник сакаме да ја потврдиме состојбата во практиката на „Менаџирањето на одделението и неговите предизвици во наставата по Мајчин јазик“ во основните училишта во Гњилане и во Урошевац.

Прашалникот е анонимен.

Прашалникот ќе се употреби само за целите на истражувањето, односно на докторската теза.

Чест ни е што имаме можност да работиме со вас.

Ви благодарам за соработката!

Со почит,

м-р Бесјана Реџепи

**I. Општи информации**

**1. Пол** Ж М

**2. Образование:**

**а) Основно образование**

**б) Средно образование**

**в) Високо образование**

**3. Во кое одделение е вашето дете?**

а) I

б) II

в) III

г) IV

д) V

**4. Како го оценувате раководењето на одделението каде што учи вашето дете?**

а) На задоволително ниво

б) Незадоволително ниво

в) Може и подобро

**5. Дали сте информирани за новостите во областа на наставата што се случуваат во училиштето, доколку одговорот е да, како се информирате?**

а) Да

| |
|---|
| |
| |

б) Не

6. **Дали некогаш лично сте соработувале со овие личности?**

| | **Често** | **Понекогаш** | **Никогаш** |
|---|---|---|---|
| **а) Наставник** | | | |
| **б) Педагог** | | | |
| **в) Социолог** | | | |
| **г) Психолог** | | | |

7. **Дали го советувате вашето дете околу воспитно-образовната работа во училиштето?**

а) Да `

б) Не

в) Понекогаш

# ПРАШАЛНИК

Драги ученици,

Со овој прашалник сакаме да ја потврдиме состојбата во практиката на „Менаџирањето на одделението и неговите предизвици во наставата по Мајчин јазик“ во основните училишта во Гњилане и во Урошевац.

Нас нè интересира колку сте задоволни од помошта што училиштето и вашите родители ви ја даваат на часовите. За нас е многу важно што мислат учениците за самите себе. Ве молиме бидете што е можно поискрени во вашите одговори!

Прашалникот е анонимен.

Прашалникот ќе се употреби само за целите на истражувањето, односно на докторската теза.

Чест ни е што имаме можност да работиме со вас.

Ви благодарам за соработката!

Со почит,

м-р Бесјана Реџепи

## I. Општи информации

**1. Пол** | Ж | | М |

**2. Во кое одделение сте?**

а) III

б) IV

в) V

**3. Во кои области на мајчиниот јазик мислите дека сте добри?**

а) Познавање на јазикот (граматика, правопис и правоговор)

б) Читање и лектира (нивна анализа)

в) Изразување (писмено и усно)

**4. Ви се допаѓаат ли методите и техниките на работа во групи, доколку одговорот е да, зошто?**

а) Да

| |
|---|
| |

б) Не

**5. Која е вашата порака за училиштето и за вашиот учител/учителка?**

| |
|---|
| |

**БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТКАТА**



**Бесјана Имер Реџепи** е родена на 11 септември 1991 година во село Рамјан, Витина. Основно училиште завршува во родното место, додека средно училиште во гимназијата „Кувенди и Лежес“ во Витина, струка „Природни науки“. Во 2014 година завршува основни унивезитетски студии во бившиот огранок на Унивезитетот од Приштина во Гњилане, на Факултетот за образовни науки, Одделенска настава. Во 2016 година ги завршува студиите за мастер во програмата „Образовна педагогија“ на Државниот универзитет во Тетово, а сега ги завршува докторските студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на програмата „Образование на наставници (за примарното образование). Бесјана Реџепи, исто така, има завршено и на одделот „Политички науки“ со специјализација на „Јавна администрација“, во Колеџот „Универзум“ во кампусот во Урошевац, со стипендија од Националниот демократски институт. Кандидатката во сите степени на образование се истакнува со учество и следење на разни доброволни активности, како на тие задолжителните во рамките на Универзитетот, така и на оние хуманитарните.

Нејзиното сестрано интересирање се огледува во еден голем број самостојни и коавторски трудови од областа на науката кои се публикувани во земјата и надвор од неа.

Од книгите ќе ги истакнеме:

1. Посветеност и должности на наставникот во текот на неговата работа

2. Поезијата на талентираните ученици од Анаморава

3. Работа со комбинирани паралелки

4. Збирка поезија „Сум разбрала“

5. Збирка поезија „Во пазарот на љубовта“

6. Родителството и неговите ефекти во современата настава

Кандидатката Бесјана Реџепи има и еден политички мандат во Советот на Општина Витина (2013/2017). Во моментот работи како наставник во ООУ „Сафет Реџепи“ во Општина Витина, а исто така и како асистент за група педагошки предмети на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Кадри Зека“ во Гњилане.